Меѓународен Славјански Универзитет

Гаврило Романович Державин

МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ТЕМА:

УЛОГАТА НА СУДИЈАТА И АДВОКАТОТ ВО ГРАЃАНСКАТА ПОСТАПКА ВО УПАТУВАЊЕТО НА СТРАНКИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈА

Изработил:

Елисавета Поп Картова М227025

Професор

проф. д-р Елизабета Спироска

Свети Николе, 2023г.

Contents

Краток извадок V

Short excerpt VII

Краткий отрывок VIII

Прва глава 3

1.1 Учесници во граѓанската судска постапка 3

1.1.1. Поим и улога на судија 3

1.1.2 Поим и улога на адвокат 6

1.1.3. Поим за странка во материјално-правна и процесна смисла и улога на странка во граѓанската постапка 7

Втора глава 9

2.1.Општо за медијација 9

2.1.1. Медијација во светот 10

2.1.2. Медијација во РСМ 11

2.1.3. Други постапки на страните за време на медијацијата 13

2.2. Претпоставки за упатување на медијација 14

2.3. Принципи и стандарди за медијацијата 15

2.4 Улогата на медијацијата 16

2.4.1 Улогата на медијацијата во РСМ 16

Трета глава 17

3.1. Настанување на конфликт (спор) и судски спор 17

3.2. Култура на спорење 18

3.3. Ресоцијализација на судовите и судските спорови 19

3.4. Предизвици на правната професија во постојниот правен систем на решавање спорови 20

3.5. Потреба за подобрување на начинот на решавање на судските спорови 21

Четврта глава 23

4.1. Претпоставки за упатување на странките на медијација 23

4.1.1. Најповолен момент во судската постапка за упатување на странките на медијација 23

4.2. Процена на судијата за упатување на странките на медијација 24

4.3. Најповолни спорови за медијација 25

4.4. Околности на упатувањето на страните на медијација 26

4.4.1 Околности кои се во корист на упатувањето на страните на медијација 26

4.4.2. Околности кои не се во корист на упатувањето на страните на медијација 27

Петта глава 28
5.1. Медијацијата како дел од судската постапка: 28
5.1.1.Предводење на процесот од медијатор/посредник 28
5.1.2Примена на медијација како алатка за решавање на спорот 29
5.1.3.Постигнување на договорното решение 29
5.1.4. Зачувување на време и ресурси 30
5.2. Доброволна и задолжителна медијација 30
5.3. Упатување на медијација поврзана со судот 32
5.4. Други карактеристики на медијацијата како дел од судската постапка 32
5.4.1. Достапност на медијацијата во секое време 32
5.4.2. Успешност на медијацијата 34
5.4.3. Трошоци и економските аспекти во однос на корист од медијацијата во судската постапка. 35
5.4.4. Загарантирана правна сигурност и медијација 35
5.4.5. Интерес на јавноста и медијцијата 36
5.4.6. Одговорноста на судиите при упатување на странките на медијација 37
Шеста глава 38
6.1.Улогата на судијата и адвокатот во процесот на медијација 38
6.1.1. Улогата на судијата во процесот на медијација 38
6.1.2. Улогата на адвокатот во процесот на медијацијата 39
6.2.Улогата на судијата во граѓанската судска постапка при упатување на странките на медијација 41
6.2.1. Улогата на судијата во граѓанската судска постапка во упатувањето на странките на медијација во РСМ 44
6.3. Улогата на адвокатот во граѓанската судска постапка во упатувањето на странките на медијација 48
6.3.1. Улогата на адвокатот во граѓанската постапка во упатувањето на странките на медијација во РСМ 50
Седма глава 52
7.1. Важноста на судиите, адвокатите и судовите при медијација 52
7.1.1 Важноста на судиите при медијација 52
7.1.1.1. Кога судиите сметаат дека медијацијата е потенцијално решение или опција? 52
7.1.1.2 Кога судиите сметаат дека нема можности за решение и страните се одлучни да заведат судската постапка? 53

7.1.2. Важноста на адвокатите при медијација 54
7.1.3. Важноста на судовите како јавен сервис за граѓаните 55
Осма глава 56
8.1.Поволни причини за прифаќање на медијацијата од страна на судиите 56
8.2. Поволни причини за прифаќање на медијацијата од страна на адвокатот 58
8.1.2. Неповолни причини за прифаќање на медијацијата од страна на адвокатот 62
Девета глава 68
9.1.Разлики меѓу парничната постапка и постапката за медијација 68
Десета Глава 73
10.1 Истражување 73
10.1.1 Предмет на истражувањето е: 73
10.1.2 Цел и задачи на истражување 74
10.1.3 Хипотези на истражувањето 74
10.1.4 Варијабли на истражувањето 75
10.1.5 Популација и примерок на истражувањето: 75
10.1.6 Методи, техники и инструменти на истражувањето 75
10.2 Спроведување на истражувањето 76
10.2.1 Анкета 76
Единаесета Глава 95
Заклучок 95
Користена литература 96
Прилози на магистерскиот труд - Примерок на активности: Анкетни листови 104

Краток извадок

Правото на пристап до независен и непристрасен суд е фундаментално право кое обезбедува доверба во правосудниот систем и ја заштитува правдата и словото на законот. Сепак, судовите се соочуваат со разни предизвици кои можат да влијаат на нивната независност и ефикасност: судството до одреден степен станува заложник на сопствениот успех.[1] За да се надминат овие предизвици и да се осигура правилно функционирање на правосудниот систем, потребни се непрекинати реформи, како и почитување на принципите на владеење на правото и независноста на судовите. Исто така, активна улога на граѓаните, граѓанското општество и стручната јавност во промовирањето и одржувањето на независноста како и независноста на судството, е од суштинско значење.

Од друга страна зголеменото траење на судските постапки и способноста на правната професија (судии и адвокати) да одговорат на системски промени и прилагодувања можат значително да влијаат на пристапот на граѓаните до правдата и довербата во правосудниот систем.[2] Затоа граѓаните поттикнуваат начини за избегнување на долготрајни судски постапки и решавање на своите спорови преку алтернативни методи. Изнаоѓањето на нови начини за решавање на проблемите и подобрување на пристапот до правдата е непрекинат процес што бара ангажирање на сите заинтересирани страни.

Пристапот до правдата не треба да биде ограничен само на судските инстанции поради што ревитализацијата и приспособувањето[3] на правниот систем, правните институции и правната професија кон современите барања и потреби се критични за обезбедување на ефикасен и справедлив правосуден систем.

[1] Uzelac Alan, Mirenje kao alternativa suđenju, Tim Press, Zagreb, 2004, (PDF) Mirenje kao alternativa suđenju | Alan Uzelac - Academia.edu, (пристапено на 25.10.2023 год.)

[2] Shimac Srdjan, Mirenje kao generator promjena u pravosudnom sustavu i pravnoj profesiji doktorska dosertacija, Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb,2013dr.-sc.-Srdjan-Simac-Mirenje-kao-generator-promjena-u-pravosudnom-sustavu-i-pravnoj-profesiji-Disertacija-8.07.2013-min.pdf (medijacija.hr), (пристапено на 25.10.2023 год.).

[3] Shimac Srdjan, Mirenje (medijacija) kao alat za socijalizaciju prava, sudova i pravne profesije te demokratizaciju sporenja, Sveučilište u Splitu, Pravni fakultet, Split, 2016., стр. 171. – 191, dr.-sc.-SrÄ‘an-Ĺ-imac-Mirenje-kao-alat-za-socijalizaciju-prava-sudova-i-pravne-profesije-te-za-demokratizaciju-sporenja.pdf (medijacija.hr) (пристапено на 25.10.2023 год.).

Затоа примената на алтернативни методи на решавање спорови (ADR) како што се медиција, помирување и арбитража, може значително да го скратат времетраењето на судските постапки, а голема улога во упатување на странките имаат судиите и адвокатите.

Клучни зборови: правна професија, судска постапка, правосуден систем, алтернативни метод за решавање спорови (ADR).

Short excerpt

The right of access to an independent and impartial court is a fundamental right that ensures confidence in the justice system and protects justice and the letter of the law. However, courts face various challenges that can affect their independence and efficiency: the judiciary to some extent becomes hostage to its own success. [4]

In order to overcome these challenges and ensure the proper functioning of the judicial system, continuous reforms are needed, as well as respect for the principles of the rule of law and the independence of the courts.

Also, an active role of citizens, civil society and the professional public in promoting and maintaining the independence as well as the independence of the judiciary is of essential importance.On the other hand, the increased duration of court proceedings and the ability of legal professions (judges and lawyers) to respond to systemic changes and adjustments can significantly affect citizens' access to justice and trust in the justice system. [5]

That is why citizens encourage ways to avoid lengthy court proceedings and resolve their disputes through alternative methods. Finding new ways to solve problems and improve access to justice is an ongoing process that requires the engagement of all stakeholders.

Access to justice should not be limited only to the courts, which is why the revitalization and adaptation[6] of the legal system, legal institutions and the legal profession to modern demands and needs are critical for ensuring an efficient and fair justice system.

That is why the application of alternative methods of dispute resolution (ADR) such as mediation, conciliation and arbitration can significantly shorten the duration of court proceedings, and judges and lawyers play a major role in guiding the parties.

Key words: legal profession, judicial process, justice system, atternal dispute settlement (ADR)

---

[4] Uzelac Alan, Mirenje kao alternativa suđenju, Tim Press, Zagreb, 2004, (PDF) Mirenje kao alternativa suđenju | Alan Uzelac - Academia.edu, (пристапено на 25.10.2023 год.)

[5] Shimac Srdjan, Mirenje kao generator promjena u pravosudnom sustavu i pravnoj profesiji doktorska dosertacija, Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb,2013dr.-sc.-Srdjan-Simac-Mirenje-kao-generator-promjena-u-pravosudnom-sustavu-i-pravnoj-profesiji-Disertacija-8.07.2013-min.pdf (medijacija.hr), (пристапено на 25.10.2023 год.).

[6]Shimac Srdjan, Mirenje (medijacija) kao alat za socijalizaciju prava, sudova i pravne profesije te demokratizaciju sporenja, Sveučilište u Splitu, Pravni fakultet, Split, 2016., стр. 171. – 191 dr.-sc.-SrÄ‘an-Ć-imac-Mirenje-kao-alat-za-socijalizaciju-prava-sudova-i-pravne-profesije-te-za-demokratizaciju-sporenja.pdf (medijacija.hr) (пристапено на 25.10.2023 год.).

Краткий отрывок

Право на доступ к независимому и беспристрастному суду является фундаментальным правом, которое обеспечивает доверие к системе правосудия и защищает справедливость и букву закона. Однако суды сталкиваются с различными проблемами, которые могут повлиять на их независимость и эффективность: судебная власть в некоторой степени становится заложницей собственного успеха. [7]Для преодоления этих проблем и обеспечения надлежащего функционирования судебной системы необходимы постоянные реформы, а также уважение принципов верховенства закона и независимости судов.Кроме того, решающее значение имеет активная роль граждан, гражданского общества и профессиональной общественности в продвижении и поддержании независимости, а также независимости судебной власти. С другой стороны, увеличение продолжительности судебных разбирательств и способность юристов (судей и адвокатов) реагировать на системные изменения и корректировки могут существенно повлиять на доступ граждан к правосудию и доверие к системе правосудия. [8]

Именно поэтому граждане поощряют способы избежать длительных судебных разбирательств и решать свои споры альтернативными методами. Поиск новых способов решения проблем и улучшения доступа к правосудию — это непрерывный процесс, требующий участия всех заинтересованных сторон.Доступ к правосудию не должен ограничиваться только судами, поэтому возрождение и адаптация[9] правовой системы, юридических институтов и юридической профессии к современным требованиям и потребностям имеют решающее значение для обеспечения эффективной и справедливой системы правосудия.

---

[7] Uzelac Alan, Mirenje kao alternativa suđenju, Tim Press, Zagreb, 2004, (PDF) Mirenje kao alternativa suđenju | Alan Uzelac - Academia.edu, (пристапено на 25.10.2023 год.)

[8] Shimac Srdjan, Mirenje kao generator promjena u pravosudnom sustavu i pravnoj profesiji doktorska dosertacija, Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb,2013dr.-sc.-Srdjan-Simac-Mirenje-kao-generator-promjena-u-pravosudnom-sustavu-i-pravnoj-profesiji-Disertacija-8.07.2013-min.pdf (medijacija.hr), (пристапено на 25.10.2023 год.).

[9] Shimac Srdjan, Mirenje (medijacija) kao alat za socijalizaciju prava, sudova i pravne profesije te demokratizaciju sporenja , Sveučilište u Splitu, Pravni fakultet, Split, 2016., str. 171. – 191 dr.-sc.-SrÄ‘an-Ć-imac-Mirenje-kao-alat-za-socijalizaciju-prava-sudova-i-pravne-profesije-te-za-demokratizaciju-sporenja.pdf (medijacija.hr) (пристапено на 25.10.2023 год.).

Именно поэтому применение альтернативных методов разрешения споров (АРС), таких как медиация, примирение и арбитраж, позволяет значительно сократить продолжительность судебного разбирательства, а судьи и адвокаты играют важную роль в руководстве сторонами.

Ключевые слова: адвокатура, судебный процесс, система правосудия, разрешение споров (АРС)

Вовед

Алтернативните начини за решавање на спорови (ADR)[10] стануваат сè поактуелни и значајни во современото правосудство. Поради брзината и ефикасноста на алтернативните методи како помирување, арбитража, медијација и слично, граѓаните имаат можност да ги решат своите спорови на начин кој понекогаш е подобар од долгите и скапи судски постапки.

Медијацијата[11], како метод на алтернативно решавање на спорови, навистина претставува важен инструмент во современиот правосуден систем. Таа овозможува странките во спорот да се вклучат во процесот на постигнување на компромисно решение, каде што самите тие го донесуваат тоа решение под водство на независен и неутрален медијатор. Медијаторот[12] им помага на странките да ги идентификуваат своите цели, така што и двете страни може да ги задоволат своите интереси и потреби.

Победа-победа (win-win)[13] идејата е срцевина на медијацијата. Споровите се решаваат на начин што ги задоволува интересите на обете страни, а не просто да се налага решение во кои едната страна победува, а другата губи. Ова им овозможува на странките да ја задржат комуникацијата и односите и по завршување на спорот, што е важно, особено во случаи кога странките треба да продолжат да соработуваат по завршување на спорот.

Медијацијата е економичен, брз и ефикасен метод за решавање на спорови и често се користи во граѓански спорови, како што се стопанските и работните спорови, потрошувачки спорови и други области.

---

[10] Дефиниција за алтернативните начини за решавање на спорови (ADR), види „АДР и медијација“, Спироска Елизабета, Свети Николе, 2021, стр.3 и Legal Dictionary Alternative Dispute Resolution - Definition, Examples, Processes, Alternative Dispute Resolution - Definition, Examples, Processes (legaldictionary.net), (пристапено на 26.10.2023 год.)

[11] Дефиниција за медијација, „АДР и медијација“, Спироска Елизабета, Свети Николе, 2021, стр.25

[12] Дефиниција за поим медијатор, АДР и медијација Спироска Елизабета, Свети Николе, 2021, стр.47 в.в. со чл.3 ст. 2 од Директивата 2008/52/ЕУ, Директива 2008/52/ЕО на Европейския парламент и на Съвета от... - EUR-Lex (europa.eu), (пристапено на 26.10.2023 год.)

[13] Спироска Елизабета, почетоците на задолжителната медијацијаво граѓанските спорови во Република Северна Македонија Дванаесетта меѓународна научна конференција,Свети Николе, Април 2021 https://www.dropbox.com/s/7jfxf65boqrwjoy/12-pravo-1-sekcija-16-trud-elizabeta-spiroska.pdf?dl=0, (пристапено на 27.10.2023 год.)

Таа ја овозможува странката да го контролира процесот и решението, што често им дава чувство на задоволство и на двете страни од учество во оваа постапка.

Особено во Европа[14], каде што судските системи се преоптоварени со спорови, алтернативните начини за решавање на спорови обезбедуваат дополнителни можности за граѓаните. Со користење на овие методи, судовите можат да се растеретат од дел од работата, а граѓаните имаат можност за брзо и ефикасно решавање на своите спорови. Ова не само што ги задоволува потребите на граѓаните за подобар и поефикасен пристап до правдата, туку и го олеснува преоптоварувањето на судовите и правниот систем во целост.

Таквите методи им овозможуваат на странките во спорот да го контролираат процесот и решението, што често резултира во подобра комуникација и подобри решенија и за двете страни. Според тоа, алтернативните методи за решавање на спорови имаат потенцијал да го подобрат правосудството во многу аспекти и да ги ослободат од еден дел од работата[15] и да одговорат на потребите на граѓаните на подобар начин.

Во последните неколку години и во нашата држава се случија првите забележителни позитивни исчекори за развој на ваквиот начин на решевање на споровите, а посебно кај определени видови на спорови како имотно-правните, семејните, трговските, работните, потрошувачките, осигурителните итн[16].

Затоа, спроведов анкета помеѓу судиите и адвокатите за нивното користење на медијацијата, нивни ставови за потребата за промена во судската постапка, како и за ефикасноста на Законот за медијација, при што беа обезбедени неопходните гаранции за анонимност и поверливост на информациите.

---

[14] За различни насоки на развојот на медијацијата во Европа, види Serverin, E., What place is there for civil mediation in Europe?, Strasbourg (CoE), CJ-EJ (2000) 6 (експертски извештај за работна група за ефикасност на Советот на Европа), European e-Justice Portal - EU rules on mediation (europa.eu), (пристапено на 02.11.2023 год.).

[15] Uzelac Alan, Mirenje kao alternativa suđenju, Tim Press, Zagreb, 2004, (PDF) Mirenje kao alternativa suđenju | Alan Uzelac - Academia.edu, (пристапено на 25.10.2023 год.)

[16] Спироска Елизабета, почетоците на задолжителната медијацијаво граѓанските спорови во Република Северна Македонија Дванаесетта меѓународна научна конференција,Свети Николе, Април 2021 https://www.dropbox.com/s/7jfxf65boqrwjoy/12-pravo-1-sekcija-16-trud-elizabeta-spiroska.pdf?dl=0, (пристапено на 27.10.2023 год.)

Прва глава

1.1 Учесници во граѓанската судска постапка

Поимите „судија“, „адвокат“ и „странка“ се важни термини во правниот систем и се користат за да се опишат различни учесници во граѓанската судска постапка.

Главната цел на граѓанската постапка[17] е решавање на спорот односно тужбата на начин кој ги заштитува правата и интересите на сите вклучени страни.

Во неа главна улога имаат странките.

1.1.1. Поим и улога на судија

Судија (или судски совет) е официјалното лице кое одлучува во граѓанската постапка и го управува процесот.

Судиите се важен дел на правниот систем и играат значајна улога во обезбедување на справедливост и спроведување на законите. Судиите неспорно се на врвот на правните професии.[18] Нивната решавачка улога им дава одговорност во обезбедувањето на правдата и се очекува да се придржуваат до највисоки стандарди на независност[19], објективност и етика.

---

[17] Дефиниција за граѓанска постапка види Граѓанско процесно право, Книга прва: Парнично право-Арсен Јаневски, Татјана Зороска-Камиловска, Скопје, 2009 година, стр.14

[18] Uzelac, Alan, Survival of the Third Legal Tradition?, The Supreme Court Law Review, Second Series, Volume 49 „In the living memory of common people, the word „judge“ still sounded important. The universities and law schools still taught that judicial positions represented the peak of a legal carreer. In the circles of regular-goers, judges were still admired as powerful figures who deserved their respect, admiration and occasional gifts. On the other hand, judicial actions were often reduced, in practice, to mere paperwork.“, Faculty of Law, University of Zagreb, 2010, https://deliverypdf.ssrn.com/delivery.php?ID=440117105065025122096126091117121122061052048060033049127111006125116103064016020074050061056028053034110064016010075127027121098041043075040107064110064093093076104081058082001074093029127117016113013123026120078024024003030107069100029071029087123007&EXT=pdf&INDEX=TRUE стр. 387., (пристапено на 02.11.2023 год)

[19] 105 Види, TAYLOR, Stuart Jr., Justice System by Its Costs and Its Complexity, Experts Warn, New York Times, June 1, 1983., стр. A.17, column 1. и је li tradicionalni sustav rješavanja sporova u krizi? - Pravo u gospodarstvu, Hrvatski savez udruga pravnika u gospodarstvu, vol. 43 no. 3, 701-980, Zagreb, svibanj 2009., str. 892-925 и Je li tradicionalni sustav rje\232avanja sporova u krizi - izvornik) (medijacija.hr), стр.3 (пристапено 18.10.2023 год)

Судиите се задолжени за интерпретација и примена на законите и нивните одлуки можат да имаат последици врз поединечните права и општите права во целост.

Денес, странките за нивно решавање на спорот, сè уште се обраќаат, речиси исклучиво до судовите. Затоа судовите се пренатрупани со предмети, а судиите под дадените околности, барем во најголемите судови, поради нивниот број, не можат да ги решат во разумен рок.

Судиите[20] имаат важна улога во овој процес, како независини и објективни структури кои треба да го применуваат законот и да обезбедат и гарантираат дека судските постапки се водат по правилата.

Се поставува важно прашање за тоа како можеме да го подобриме системот за решавање на спорови и да ја покажеме улогата на сите учесници во него, со акцент на судиите и адвокатите? Судиите ја споделуваат судбина со тековната состојба на правниот систем и секако се соодветно одговорни за неа но имаат предност во однос на другите претставници на правната професија бидејќи, со тоа што се определиле за оваа професија, се очекува дека можат да влијаат директно на промените во секојдневната работа како и во работата на претставниците на други гранки на правната професија, како адвокати и другите правни професии. Сепак, судиите во голема мера се придржуваат до многуте навики и пишани правила на однесување, што ги прави најконзервативни[21] од сите правници.

Иако на прв поглед можеби изгледаат дека најмалку се соочени со предизвиците што ги носи функционирањето на традиционалниот систем за решавање спорови, сепак и самите се изложени на разни и значителни потешкотии во својата работа[22] и селективност[23] поради големиот број на предмети и месечни норми, борба со времето за постасување[24], чести измени и дополнувања на законите и правилата, обвинувања за недоволна работа, неспособност и корупција, внатрешен конфликт помеѓу идеалот за правда и законитост, судење врз основа на веројатност, а не на сигурност, потребата за собирање на многу факти

[20] За улогата на судијата види: POSNER, Richard A., How Judges Think, Harvard University Press, Cambridge, Massachusetts, London, 2008., стр. 206

[21] Види, TELES, Steven M., The Rise of the Conservative Legal Movement, The Battle for Control of the Law, Steven Princeton University Press, Princeton & Oxford, 2008.

[22] Shimac, supra note 5, (109), стр. 28.

[23] Види, RUBIN, Alvin B., Bureaucratization of the federal Courts: The Tension Between Justice and Efficiency, The Notre Dame Lawyer, June, 1980, HeinOnline, стр. 656.

[24] POSNER, supra note 20, op. cit. (bilj. 104.), стр. 206.

и докази за донесување на одлука, отсуство на силен глас за бранење на интересите на судиската професија и голем број на дополнителни работи кои не треба да бидат во надлежност на судиите.

Судиите се соочени со прекумерен број на закони и законски измени, кои често може да бидат неприменлини и несоодветни за регулирање на животните аспекти, а од друга страна мора да изнајдат соодветни правни решенија и во ситуации кога такви решенија не се изрично предвидени.

Од друга страна пак јавноста ги окривува за непристапност, недостаток на стручност, недоволен труд и дури корупција токму поради крутите процедури и формализмот[25] на судските постапки кое допринесува за незадоволството кај странките. Судиите мора да бидат способни да ги интерпретираат законите и да донесуваат судски одлуки кои ги водат кон посакуваните резултати и правда.[26]

Сепак важно за судиите, а воедно и на сите правници е да бидат насочени кон постигнување на правда, иако тоа може не е исто што и примената на строгото „слово на законот“. Во тој контекст, судиите, а и сите правници се конфронтирани со предизвикот на толкување[27] на законите и наоѓање на решенија што најдобро ги задоволуваат потребите на странките и кои допринесуваат кон праведна и ефикасна правда.

Така, судиите треба да бидат „цврсти, храбри и креативни"[28] во извршувањето на своите задачи и да изнаоѓаат начини за постигнување на правда и заштита на поединечните права, поради нивната улога и власт во обезбедување на правда и ред во правниот поредок иако тоа може да биде комплексен и предизвикувачки процес.

[25] BILIĆ, Vanja,, Alternativno rješavanje sporova i parnični postupak, Doktorska disertacija, Pravni fakultet u Zagrebu, Zagreb, 2008 op. cit. (bilj. 5.), стр. 196. https://medijacija.hr/wp-content/uploads/2020/04/Vanja-Bilic-Alternativno-rjesavanje-sporova-i-parnicni-postupak-disretacija.pdf (пристапено на 15.10.2023)

[26] Види, MCSHANE, John V., Companion and Professional Bible for Every Lawyer! 6. january 2011

[27] Shimac, supra note 19, стр. 9.

[28] SAMMAR, Vincent, Justifying Judgment, Practicing Law and Philosophy, University Press of Kansas, Pittsburg, 1998., стр. 61 и 62.

1.1.2 Поим и улога на адвокат

Адвокатот е лицето кое ги претставува тужителот и туженият пред судот. Тие се претставници на своите клиенти и гаранти на правната заштита и справедливост. Адвокатите не само што ги претставуваат своите клиенти пред судот, туку и ги советуваат, ги подготвуваат за судската постапка и ги заштитуваат нивните права и интереси.

Важно е да се нагласи дека адвокатите имаат и етички обврски да го заштитуваат интересот на правдата и да постапуваат со интегритет и чесност. Тие треба да бидат посветени на одбраната на своите клиенти дури и кога знаат дека може да ги загубат случаите[29], но и да се придржуваат кон високите стандарди на професионален морал и етика.

Улогата на адвокатите се состои токму во посветеноста на одбраната на интересите на своите клиенти.

Во секојдневната работа пак, адвокатите се соочуваат со бројни предизвици, вклучувајќи ги роковите, различната судска практика и многубројните државни органи, како и со лицата во судскиот систем. Адвокатите често мора да бидат креативни и да изнајдат законски начини за да ги заштитат интересите на своите клиенти и да ги усогласат со етички норми. Затоа за застапувањето се вели дека е уметност на убедување на судот.[30]

Судењето и правниот процес се детални и честопати комплексни, каде адвокатите се изложени на многу предизвици и задачи во обидот да ги заштитат интересите на своите клиенти. Тие треба да ги следат највисоките нивоа на етика и одговорност, да се справуваат со законските процедури и правила и да ја почитуваат правдата и рамноправноста во судницата и судот.

Со тоа се истакнува важноста на адвокатите како самостојна професија[31] и на нив се гледа како на субјекти кои ги заштитуваат правата и слободата на граѓаните во рамките на модерниот правен систем.

---

[29] повеќе види: Zitrin A. Richard и Langford M. Carol,The Moral Compass of the American Lawyer: Truth, Justice, Power, and Greed Paperback – September 5, 2000

[30] Andreas Kapardis, Универзитет на Кипар, Psychology and Law: A Critical Introduction 2nd Edition, Cambridge University Press,March 3, 2003 , стр. 211.

[31] L. Geršković, Advokatura u političkom sistemu Jugoslavije, Odvjetnik, Sto godina advokature u Hrvatskoj 1868 - 1968, broj 9, God. XVIII, rujan 1968, Zagreb, стр. 17

Адвокатите, исто како и судиите играат витална улога во заштитата на правата на граѓаните и во остварувањето на промени во правниот систем. Во согласност со модерната цивилизација, каде личните слободи и правата се важни, адвокатите стануваат субјекти кои овозможуваат да ги бранат интереси и правата на на граѓаните пред државните органи, како „алтер его“[32] на своите клиенти, да имаат право на сопствено мислење и да дејствуваат во најдобар интерес на своите клиенти, како и да се борат за рамноправност во правниот систем.[33]

1.1.3. Поим за странка во материјално-правна и процесна смисла и улога на странка во граѓанската постапка[34]

Во парничната постапка[35] постојат две странки. Тоа се учесниците на материјално-правниот однос од кој произлегува спорот. Страните на материјално-правниот однос стануваат парнични странки кога спорот ќе го изнесат пред судот кој треба да го реши. Ова е најчест случај. Странка во материјално правна смисла е оној правен субјект за чии права и обврски се одлучува во постапката. Тоа е субјектот во чие име се води парницата или против кого се води парницата и кој учествува во спорниот граѓанско-правен однос како носител на права и обврски, или како должник или како лице кое го повредило или загрозило правото на тужителот и во чиј интерес се бара правна заштита.

Поимот странка пак во процесна смисла е посебен правен поим, независен од материјално-правниот однос од кој произлегол спорот и кој е повод за парницата.

Со поднесувањето на тужбата до судот, тужителот и туженият стануваат странки во постапката.

Улогата на странката во процесна смисла е оној процесен субјект кој во свое име бара правна заштита и оној процесен субјект против кој е насочено барањето за давање на правна заштита.

---

[32] ibid, стр. 17.
[33] Shimac, supra note 19, стр. 6.
[34] Повеќе за поим странка во материјално-правна и процесна смисла види, Арсен Јаневски, Татјана Зороска-Камиловска supra note 19, стр. 167-168.
[35] ibid, стр.59

Во кратки црти, материјално-правните страни се лицата кои имаат директен интерес или врска со спорот, бидејќи се носители на правата и обврските во самиот спор. Наспроти тоа, процесните страни се лицата кои се активни учесници во самата судска постапка и бараат правна заштита или се соочуваат со барање за правна заштита. Ова разликување е значајно во граѓанската постапка, бидејќи судот и адвокатите ги третираат материјално-правните страни како основни учесници во спорот, а процесните страни како учесници во самата судска постапка.

Втора глава

2.1.Општо за медијација

Скоро секое дефинирање за медијација е нејасно и непрецизно. Луѓето имаат различни претстави за тоа што медијацијата е или треба да биде. Сепак, ни една дефиниција не е целосна за опис на овие претстави. Ова е збунувачки кога луѓето се обидуваат да изберат помеѓу медијацијата и други процеси или кога треба да се обучат, оценат или воопшто да се избире медијатор.[36]

Медијацијата[37] е специфичен облик на посредување во кој страните сами ги решаваат споровите под водство и со помош на независна, трета страна - медијатор. Со неа, се бара решение кое е во интерес на двете страни.[38]

Притоа, медијаторот[39] мора да обрне внимание на повторно воспоставување на комуникација меѓу страните за да можат да преговараат. За разлика од судските постапки, овде на виделина се изнесени сите детали од спорот, а не само нивното правно толкување.[40]

Овој метод на алтернативно решавање на спорови се користи во многу земји низ светот поради неговата ефикасност и способност да ги намали судските постапки и трошоците.

---

[36] види: Mediator Orientations, Strategies arid TechniquesBy Leonard L. Riskin
Alternatives to the Hiqh Cost of Litiqation (Center for Public Resources), Sept. 1994, стр. 111

[37] Согласно чл.3 ст.1 т.а) од Законот за медијација на РСМ ,Службен весник бр.294 од 7.12.2021 год. „Медијација“ е посредување и начин на решавање на споровите наведени во членот1 од овој закон, настанати меѓу две или повеќе страни во спорот, при што им се овозможува истиот да го решат по пат на мирење, со посредство на трета неутрална страна медијатор/медијатори, со можност да постигнат заемно прифатлива писмена спогодба“ https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=58403 (пристапено на 15.10.2023);

[38]Shimac Srdjan, Mirenje - alternativni način rješavanja sporova, https://medijacija.hr/wp-content/uploads/2020/04/mr.sc_.-Sr%C3%84%E2%80%98an-%C4%B9-imac-Mirenje-alternativni-na%C3%84%C5%A4in-rje%C4%B9%CB%87avanja-sporova.pdf Visoki trgovački sud Republike Hrvatske, Zagreb, prosinac 2006, стр.1(пристапено на 15.10.2023);

[39] Согласно чл.3 ст.1 т.б) од Законот за медијација на РСМ Службен весник бр.294 од 7.12.2021 год. „Медијатор“е физичко лице кое поседува лиценца за вршење на медијаторски работи согласно со овој закон, актите на Комората на медијатори на Република Северна Македонија и ја спроведува медијацијата согласно со начелата за медијација https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=58403 (пристапено на 15.10.2023);

[40] Shimac Srdjan Postupak mirenja s osvrtom na zakon o mirenju, Pravo u gospodarstvu, vol. 43 no. 2, 1-180, Zagreb, travanja 2004., str. 91-113. Postupak mirenja s osvrtom na ZM (medijacija.hr), (пристапено на 16.10.2023 год.);

2.1.1. Медијација во светот

Не постои единствена општо прифатена дефиниција за медијација.

Дефиниција за медијацијата е содржана и во правните инструменти на меѓународно и регионално ниво, кои се однесуваат на медијацијата и се дефинира како посредување при кое медијаторот им помага на страните да преговараат за спорните прашања за да постигнат заедничка спогодба.[41]

Медијацијата завзема посебно место во секој правен систем во грѓанските судски постапки секаде во светот бидејќи, ако се користи соодветно, обезбедува успех[42] за алтернатива на судењето, а истовремено го остава правото на странките за пристап до суд. Медијацијата често се користи за решавање на разни видови спорови во САД, а со долгогодишна пракса се и правните системи на Германија и Холандија.[43]

Од друга страна пак карактер и функција на медијацијата се менуваат ако политиката ја диктира медијацијата.[44] Во Кина на пример, судската медијација е категорички различна бидејќи и самиот концепт на водење на постапките е различен од на западниот свет.[45]

Поддршката на државата за внесување на медијацијата како алтернативен метод за решавање на спорови во правниот систем е клучна. Проектите и програмите кои целат во тоа да ја подигнат свеста и да ги обучат судиите, адвокатите и другите учесници во правната професија за методот на медијација имаат потенцијал да го подобрат правниот систем и времето потребно за решавање на споровите.

---

[41] Спироска Елизабета, supra 11,стр.25

[42] Shimac, supra 38, стр.1

[43] Спироска Елизабета, 11,стр.25

[44] За разбирањето на начинот на функционирање на кинескиот судски систем и влијанието на политичките динамики врз него и примената на медијацијата во судовите повеќе види Legal History of Civil Mediation in China In: Mediation in Contemporary Chinese Civil Justice Author: Peter C.H. Chan, Brill Nijhoff,14 july 2017 https://brill.com/display/book/9789004342392/B9789004342392_002.xml (пристапено на 16.10.2023)

[45] C.H. Chan, Судската медијација, стана средство на политика за поддршка на главниот цел за одржување на социјална хармонија и во различна мера, на штета на процедуралната правда и за начинот на кој медијацијата се спроведува во судот и вон судот, во контекстот на граѓанската судска постапка во современа Кина. Mediation in contemporary Chinese civil justice: a proceduralist diachronic perspective: by Peter C H Chan, Leiden, Brill Nijhoff,,14 july 2017 https://brill.com/display/book/9789004342392/B9789004342392_002.xml. (пристапено на 16.10.2023)

2.1.2. Медијација во РСМ

Следејќи ги европските трендови за промоција на медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите, во јули 2015 година, во РСМ беа усвоени измените на Законот за парнична постапка[46] според која „во стопанските спорови за парично побарување чија што вредност нема да надмине 1.000.000 денари, а по кои постапката се поведува со тужба пред надлежен суд, странките се должни, пред да поднесат тужба, прво да се обидат да го решат спорот по пат на медијација. За ова тужителот со поднесување на тужбата, е должен да приложи доказ, издаден од медијатор, дека странките направиле обид но дека ваквиот обид за решавање на спорот по пат на медијација не успеал. Тужбата кон која не е приложен ваков доказ, судот ќе постапи на тој начин што ќе ја отфрли.“ Оваа одредба како измена на ЗПП е влезена во сила од февруари 2016 година со што се овозможи поголема примена на медијацијата во граѓанската постапка. [47]

Воведувањето на задолжителната медијација во стопанските спорови и укажувањето на странките за можностите за решавање на спорови со медијација може да им обезбеди на граѓаните и бизнис заедницата поефикасни и брзи методи за решавање на нивните спорови.

Со донесувањето на измените и дополнувањето на Законот за парнична постапка[48] судиите имаат поактивна улога во постапките поврзани со стопанските спорови и треба да обезбедат информации и насоки до странките за можноста за решавање на споровите преку медијација. Ова е важен начин за подобрување на ефикасноста и брзината на правниот систем, а од друга страна се задоволуваат потребите на странките, без потребата од долги и скапи судски постапки. Задолжителната медијација во стопанските спорови може да биде

---

[46] Членот 461 од Закон за парнична постапка, Службен весник на Р. Македонија бр.79/05, 110/08, 83/09 и116/10 гласеше: „Во постапката во стопанските спорови ќе се применуваат одредбите на овој закон, ако во одредбите на оваа глава поинаку не е определено.“1. https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=21266 (пристапено на 16.10.2023)

[47] Чл. 47 ст. 2, 3 и 4 од Закон за изменување и дополнување на законот за парнична постапка, Службен весник на Р. Македонијабр.124 од 23.07.2015 година. https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=37950 (пристапено на 17.10.2023)

[48] Чл.47 од Закон за изменување и дополнување на законот за парнична постапка, Службен весник на Р. Македонијабр.124 од 23.07.2015 година „Во стопанските спорови за парично побарување чија што вредност не надминува1.000.000 денари, а по кои постапката се поведува со тужба пред суд странките се должни, пред поднесувањето на тужбата да се обидат спорот да го решат по пат на медијација.(3) При поднесување на тужбата тужителот е должен да приложи писмен доказ издаден од медијатор дека обидот за решавање на спорот по пат на медијација не успеал. (4) Тужбата кон која не е приложен доказ од ставот(2) на овој член судот ќе ја отфрли. https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=21266. (пристапено на 17.10.2023 год.)

одличен пример за тоа како правните системи можат да го приспособат себе си кон потребите на граѓаните и правните лица. Ова дополнително го подобрува правосудството и ја засилува довербата во правниот систем.

Програмите за развој и поддршка на медијацијата од страна на Судскиот совет [49] и Врховниот суд[50], како и (Закон за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16[51], значеа донесување значајни мерки за подобрување на правосудството и поддршка на алтернативни начини за решавање на спорови. Активната улога на судиите и адвокатите во промовирањето на медијацијата и информирањето на странките за оваа опција им помага на граѓаните да ги разберат предностите на медијацијата и да го одберат тоа како начин за решавање на своите спорови.

Исто така инцијативите на Советот на Европа[52] и неговата работна група за медијација демонстрираат препознавање на важноста на активната комуникација и човечките односи во решавањето на спорови. Ова е посебно значајно во денешното општество каде брзината на животот и глобализацијата често ја замагуваат човечката димензија на односите. Судиите имаат одговореност да се осигураат дека судските постапки не се само технички и правни процеси, туку и можност за обнова, градење или реформирање на човечките односи и бизнис релации помеѓу странките.

Интеграцијата на овие аспекти во судскиот процес и промоцијата на хуманата димензија може значително да подобри решавањето на спорови и има за цел да се подобри интеракцијата помеѓу странките и да се создадат посебни услови за взаимно разбирање и почит.

[49]Судски совет на РМ, Програма за поддршка на медијацијата,Скопје, Јануари 2017 https://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-za-poddrska-na-medijacijata.pdf (пристапено на 10.10.2023)

[50]Врховен суд на РМ, Програма за поддршка на медијацијата, Скопје 2018 Programa-medijacija.pdf (xsoftstatic.com) (пристапено на 10.10.2023)

[51]Пречистен текст (Закон за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16 https://pravda.gov.mk/toc1/350 (пристапено на 10.10.2023)

[52] Препорака на Комитетот на министри на Советот на Европа RES (2002) 10 за медијација во граѓанските предмети, 2002

2.1.3. Други постапки на страните за време на медијацијата

Парничната постапка може да се прекине кога двете страни го бараат тоа со цел да се реши спорот преку медијација или на друг начин. [53]

Значи ако странките се согласат да решаваат спорот преку медијација, судот ќе донесе решение во согласност со законот и ќе го прекине текот на парничната постапка.[54] Ако пак странките не се согласат да го решаваат спорот преку медијација, постапката на парничната постапка продолжува со подготвително рочиште, каде што тужителот ја изнесува својата тужба, а потоа туженият го изнесува свој одговор на тужбата.

Оваа постапка овозможува на страните да одлучат дали сакаат да продолжат со судска постапка или да обидат да го решат спорот преку медијација, во зависност од нивните преференции и спорните прашања во споротот.

Меѓутоа додека трае постапката за медијација, судската постапка е во прекин. Доколку било која од странките бара продолжување на постапката додека трае постапката за медијација, судот ваквото барање, ќе го отфрли со решение. Но ако една од странките бара да се продолжи постапката по прекинот на медијацијата, судот ќе ги прифати барањето и постапката ќе се продолжи. Доколку ниту една од странките не бара продолжување на постапката, постапката автоматски ќе продолжи по истекот на 45 дена од денот на прекинот.[55]

---

[53] чл.200 ст. 1 т.6 од ЗПП (Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.07 од 20.01.2011 година, „Парничната постапка се прекинува, кога двете странки тоа ќе го побараат заради решавање на спорот со медијација или на друг начин.“ https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-parnichnata-postapka-20-01-2011-prechisten-tekst.pdf (пристапено на 10.10.2023)

[54] Согласно чл. 273 ст.1 и 2 од ЗПП(Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.07 од 20.01.2011 година), „Ако странките се согласат спорот да се решава во постапка за медијација, судот ќе донесе решение согласно со членот 200 став (1) точка 6 од овој закон и ќе ја прекине постапката. (2) Ако странките не се согласиле спорот да се решава по постапка за медијација, подготвителното рочиште почнува со излагање на тужбата, а потоа туженият го изнесува својот одговор на тужбата.“) https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-parnichnata-postapka-20-01-2011-prechisten-tekst.pdf (пристапено на 10.10.2023)

[55] Согласно чл.203 ст.3 од ЗПП(Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.07 од 20.01.2011 година, „Ако судот ја прекинал постапката согласно со членот 200 точка 6 од овој закон, постапката ќе продолжи по барање на една од странките, а ако такво барање нема, постапката ќе продолжи по истекот на 45 дена од денот на прекинот.“ https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-parnichnata-postapka-20-01-2011-prechisten-tekst.pdf (пристапено на 10.10.2023 год.)

Ова го определува начинот на продолжување на судската постапка откако медијацијата е прекината и го обезбедува временски рокот од 45 дена пред да се продолжи постапката без барање од странките.

2.2. Претпоставки за упатување на медијација

Медијацијата е доброволна, необврзувачка и приватна постапка. Одлуката дали странките ќе подлегнат на постапката за медијација и дали ќе опстојат на неа е исклучиво во нивни раце, без разлика дали е веќе поведена постапка за решавање на нивниот спор пред надлежниот орган или не.[56] Со неа се врши надополнување на парницата но и решавањето на спорот помеѓу странките како алтернативен начин.

Доколку медијацијата не успее, странките го известуваат судот дека медијацијата не е успешна односно дека не била постигната спогодба, а судската постапка ќе продолжи. Ако странките пак успешно постигнат спогодба за време на медијацијата, секоја постапка што е започната, ќе заврши со повлекување на тужбата.

Предностите на овој пристап се очигледни:

- граѓанската постапка не почнува од почеток, туку продолжува од таму од каде што е прекината со обидот за медијација;
- подобрената комуникација[57] помеѓу странките постигната при неуспешната медијација во голема мера го намалува бројот на спорни прашања;
- и на тој начин, по правило придонесува за побрзо завршување на започната парница, а согласно начелото за економичност на постапката.[58]

---

[56] Директива 2008/52/ЕК на Европскиот парламент и на Советот од 21 мај 2008 година за одредени аспекти на посредувањето во граѓанските и комерцијалните прашања (Службен весник на Европската унија L 136/3, 24.5.2008, стр. 281.-285.) (пристапено на 26.10.2023 год.)

[57] Shimac, supra note 40, стр.10

[58] Zeljko, Ivana, Obvezni pokušaj mirnog rješenja spora Master's thesis / Diplomski rad, University of Zagreb, Faculty of Law / Sveučilište u Zagrebu, Pravni fakultet, 2022 **diplomski_rad_-_obvezni_pokusaj_mirnog_rjesenja_spora_ivana_zeljko.pdf(medijacija.hr),**стр.10 (пристапено на 10.10.2023 год.),

2.3. Принципи и стандарди за медијацијата

Принципите и стандардите за медијацијата треба да се развиваат и да се прилагодуваат според потребите на странките. Не секогаш сите заинтересирани страни ќе бидат согласни со одреден пристап кон медијацијата, но континуираните дебати и обуки на судиите и адвокатите се важни за развој и подобрување на практиките во ова област.

Исто така, судиите и другите службеници[59] од судот кои се вклучени во медијацијата како и адвокатите треба да ги зголемат своите напори за да го одржуваат интегритетот и неутралноста на судската институција. Тоа е од суштинско значење за гарантирање на довербата во правниот систем и во медијацијата како метод за решавање на спорови. Затоа е потребно судијата и адвокатот да се во постојан контакт со странките и да ги информираат за комуникациите и средбите меѓу една страна и медијаторот бидејќи одвоениот пристап на една страна може да создаде впечаток дека таа страна има предност во комуникацијата со медијаторот и може да влијае на одлуките на другата страна, што може да го загрози концептот на слободна волја.

За да се реши овој предизвик, медијаторите, судиите и адвокатите треба да ги почитуваат етичките стандарди и да ги информираат сите страни за процесот на медијација. Со ова судиите и адвокатите помагаат во осигурување на фер и непристрасност во медијацијата.[60]

Медијацијата како метод за решавање на спорови може значително да го подобри и олесни решавањето на споровите помеѓу странките во текот на судската постапка. Таа овозможува странките да ги решат своите разлики на ефикасен и мирен начин, што може да ги растерети судиите од работа и да спречи водење на долги и скапи судски постапки. Слободата за избор на медијатор и флексибилноста во активирањето на медијацијата во различни фази од судскиот процес доприносуваат токму кон успешното користење на медијација како инструмент за решавање на споровите во текот на судската постапка.[61]

---

[59] Види Mediation And The Court The Honourable JJ Spigelman AC Australian Construction Law newsletter #77 may/june 2001 http://www5.austlii.edu.au/au/journals/AUConstrLawNlr/2001/17.pdf (пристапено на 11.10.2023г.)

[60] повеќе за непристрасност на судија во постапката, види Shimac Srdjan, Mirenje I suci, Zagreb,2004 https://medijacija.hr/wp-content/uploads/2020/04/mr.sc_.Sr%C3%84%E2%80%98an-%C4%B9-imac-Mirenje-i-suci.pdf стр.10 (пристапено на 11.10.2023 годе.)

[61] Spigelman, supra note 59

2.4 Улогата на медијацијата

Медијацијата игра важна улога во постигнувањето на мирни и справедливи решенија за споровите, истовремено овозможувајќи на странките да ги заштитат своите интереси и да го избегнат негативниот влијание на долги и судски постапки. Оваа постапка не само што може да биде ефикасна и економична за странките, туку и дополнително го осигурува нивното право да ги решат своите спорови мирно и доброволно, иако веќе постои постапка пред судот. Ваквиот пристап соодветно го објаснува и ги поддржува различните аспекти на медијацијата и нејзините предности.

Затоа судијата и адвокатот, преку овој пристап, се важни учесници во промовирање на медијацијата како средство за решавање на споровите и помагање на странките да го искористат овој начин за решавање на нивните спорови.

Може да се каже дека медијацијата е успешен метод за решавање на спорови бидејќи ги вклучува странките и им дава контрола над процесот на решавање на спорот.

2.4.1 Улогата на медијацијата во РСМ

Праксата покажува дека во споредба со земјите каде се применува задолжителна медијација, системот на доброволна медијација можеби не функционира со иста ефикасност и не ги исполнува потребите на споровите и странките.

Воведувањето на задолжителна медијација може да биде решение за подобро усогласување на споровите и нивно побрзо решавање, особено во одредени видови на спорови каде тоа може да биде релевантно.

Сепак, важно е да се размислува за какви случаи и спорови би било најподходно да се воведе задолжителна медијација и да се обезбеди соодветна правна рамка и процедури за нејзино спроведување. Уште повеќе улогата на медијацијата е во контекст и на реформите во правосудниот систем на Република Северна Македонија и може да има значителен допринос и во процесот на пристапување кон Европската унија. [62]

[62] повеќе за ова види Сотироски Љупчо, Задолжителен обид на медијација во Република Македонија,УГД Штип, 2019 **Задолжителен обид на медијација во Република Македонија (ugd.edu.mk)**, стр.135 (пристапено на 11.10.2023год.)

Трета глава

3.1. Настанување на конфликт (спор) и судски спор

Спор[63] се користи за означување на таква животна ситуација во еден однос, кога помеѓу субјектите постои несогласување за определено прашање релевантно за тој однос.

Спорот е конфликтна ситуација која настанува кога две или повеќе страни имаат спротивставени гледишта, ставови или мислења за одредена ситуација.[64] Освен разликите во гледиштата за содржината на спорот, честопати станува збор и за проблем во комуникацијата помеѓу страните како и изразувањето на емоции.

Спорови настануваат и во сферата на правните односи како и во сферата на граѓанско-правните односи. Меѓутоа, на парничната постапка секогаш не и претходи спор.[65]

Според тоа разликуваме: споровите што му претходат на судењето и судски спор.

Споровите што му претходат на судењето се јавуваат кога страните заемно имаат (или се чини дека имаат) спорни интереси, разбирања, цели и/или улоги во исто време.

Судскиот спор пак е спор во судската постапка, чија цел е да се постигне правда врз основа на правните норми и закони, а не врз основа на личните интереси, грижи и желби на странките. За да се постигне ова, секоја странка мора да ја согледа својата ситуација од правен аспект, врз основа на законските прописи, односно со вложување тужба.

Меѓутоа мора да се нагласи дека тужбата е само едно одредено и едностранo решение на спорот кое се базира исклучиво на интересите на поднесувачот на тужбата -тужителот. Таа не претставува решение кое ги вклучува интересите на сите страни во спорот.[66]

[63]Арсен Јаневски, Татјана Зороска-Камиловска, supra note 17, стр.60
[64] Shimac Srdjan, supra note 2, стр. 109
[65] Арсен Јаневски, Татјана Зороска-Камиловска, supra note 17, стр.61

[66] Арсен Јаневски, Татјана Зороска-Камиловска ibid. стр. 358

3.2. Култура на спорење

Опаѓањето на традиционалните пристапи во правото се забележителни и покажуваат на промената во денешното општество и судскиот спор. Медијацијата[67] како алтернативен начин за решавање на спорови може значително да придонесе за брзо и ефикасно решавање на спорови, а идејата на постапното префрлање на фокусот од апстрактната вистина кон практичното решение и решавање на спорот е значајен елемент во современото правосудство. Оваа промена на ставот од вистината и правдата „по секоја цена“ кон акцентот врз брзото, ефикасно и практично решение може да има позитивни резултати и да допринесе за подобрување на правниот систем, правните институции, правната професија и општеството воопшто.[68]

Примената на медијација и други алтернативни методи за решавање на спорови може да им обезбеди на странките подобро и побрзо усогласување, истовремено стимулирајќи ги правните професионалци да работат со по ефикасни и хумани начини во рамките на правниот систем.

Промените и комплексностите во судските постапки и правниот јазик и терминологија која се користи можат да ги направат по недостапни и понеразбирливи[69] за голем број на луѓе, што води до губење на довербата во правосудството.[70]

Потребата за пристапливи и ефикасни правни услуги е зголемена и судството и правните институции треба да се приспособат на овие потреби. Промената на структурата и работата на судските постапки и правните институции преку алтернативни методи за

---

[67] Повеќе за дефинирањето на медијацијата види: Riskin, Leonard L. “Understanding mediators’ orientations strategies, and techniques: A grid for the perplexed.” Harv. Negot. L. Rev. 1 (1996); Abramson, Harold I. “Problem-Sol-ving Advocacy in Mediations: A Model of Client Representation.” Touro University - Jacob D. Fuchsberg Law Center, (2005); Fisher, Roger, William L. Ury, and BrucePatton. Getting to yes: Negotiating agreement without giving in. Penguin, 2011

[68] See, OTIS, Louise, REITER, Eric H., Mediation by Judges: A New Phenomenon in the Transformation of Justice, Pepperdine Dispute Resolutuion Law Journal, Vol. 6:3, 2006, page 377; "...ADR is not surogate for public adjudication, but as an intervention strategy to promote what a trial is not designed to accomplish: (...) "...mediation and the judicial system are built on incompatible assumptions about human nature, human capacity, and goals of conflict interaction." STIPANOWICH, Thomas J., ADR and the "Vanishing Trial": The Growth and Impact of Alternative Dispute Resolution, Journal of Emprical Studies, Volume, Issue 3, November 2004, page 848

[69] Shimac Srdjan,supra 3,стр.1

[70] [Препорака на Советот на Европа за мерките да се зголеми достапноста на правдата R (81) 7]. Достапноста на правдата е една од главните цели на Европската Унија Унијата воспоставува област на слобода, безбедност и правда, каде што физичките или правните лица не се спречен или обесхрабрен да ги остварува своите права со некомпатибилност или комплексност на правните спорови.

решавање на спорови, користење на технологија и упростување на правниот јазик може да им помогне на странките да добијат подобро разбирање и подобра пристапност до судовиите и доаѓање до правдата. [71]

Со подобрување и модернизација на правниот систем и судството, може да се створи поинаков простор каде граѓаните и бизнис заедницата можат да се обратат со доверба и очекување за брзо и справедливо решение на нивните спорови и потреби. Затоа е потребно менување[72] во ставот на правната професија и ставање акцент на потребата за брзо и ефикасно решавање на споровите.

Мора да се признае дека со текот на времето, правниците ја воочиле потребата за промена на својот став или фокус и прифаќањето дека главната цел е да го решат спорот на начин кој е брз, ефикасен и соодветен за потребите на странките, наместо да се фокусираат на апстрактната идеја за "апсолутна вистина" или "правда на секоја цена," како што е изразено во латинската изрека Fiat iustitia, pereat mundus (Ќе се постигне правда па макар и да пропадне светот). [73]

3.3. Ресоцијализација на судовите и судските спорови

Ресоцијализацијата на судовите и судските спорови се однесува на процесот на промена и модернизација на судските институции и на начинот како се разгледуваат и решаваат судските спорови. Оваа ресоцијализација може да вклучува различни аспекти и реформи со цел да се подобри правосудниот систем и да се зголеми ефикасноста и квалитетот на правната заштита.

Затоа судиите и судовите треба да функционираат како јавен сервис за граѓаните и колку побрзо ја сфатат својата улога, толку побрзо ќе се намали отуѓеноста што постои помеѓу нив и странките, или јавноста во целост.

---

[71] See, AUERBACH, Jerold S., Resolving Disputes Without Lawyers, Oxford University Press, Oxford, New York, Toronto, Melbourne, 1983., str. 143.

[72] „Many have come to view ADR as „privatized justice“, the evolution of public power to private authority that is byproduct of the downsizing of government at the close of the twentieth century.“ REUBEN, Richard C., Constitutional Gravity: A Unitray Theory of Alternative Dispute Resolution and Public Civil Jstice, UCLA Law Review, April, 2000, page 2; KLONOFF, Robert H., The Public Value of Settlement, Fordham Law Review, Vol 78, 2009, page 1179.

[73] повеќе за апсолутна вистина и апсолутна правда види: Uzelac Alan supra 1, стр.2

Општ впечатокот е дека во судските спорови, странките уште играат второстепена улога и немаат контрола во спорот како што имаат адвокатите, а особено судиите.[74] Затоа е потребна модернизација и адаптација како на судиите[75] така и на адвокатите кон потребите на современото општество и фокусираноста на решавање на споровите како ефикасен начин за постигнување на целите на правосудството преку зголемување на капацитетите [76] но и преку реформи [77] за задоволување на потребите на странките.

3.4. Предизвици на правната професија во постојниот правен систем на решавање спорови

Правниот систем игра клучна улога во општеството и важно е да се размисли за можни промени кои би го подобриле без да се заборави на неговата основна цел. Затоа правниците (судиите и адвокатите) треба да размислуваат за промените и новите пристапи во својата работа за да го подобрат своето реноме и да придонесат кон подобро функционирање на правниот систем.[78]

Правната професијата е една од најстарите професии. Затоа посебен фокус во овој труд е даден на судиите и адвокатите.

Од друга страна пак целокупниот правниот систем, вклучувајќи ги и овие професии, се соочени со негативна перцепција од страна на јавноста и медиумите. Овој негативен поглед, не е секогаш заслужен, но сепак постои поради лоши искуства со поединци-правници.[79] Од тие причини правниот систем и правниците треба да размислуваат за промени за да го подобрат својот реноме и да придонесат кон подобрувањето на општеството.

---

[74]Shimac Srdjan,supra 3, str.14

[75] "…правниците ги блокираат напорите за поедноставување на процедурите…" RHODE, Deborah L., In the Interest of Justice, Reforming the Legal Profession, Oxford University Press, 2000, page 207.

[76] HARRINGTON, Christine B., Shadow Justice, The Ideology and Institutionalization of Alternatives to Court, Greenwood Press, Westport, London, 1985, op. cit., стр. 35.

[77] MEGARGEE BROWN, Peter, Rascals, The Selling of the Legal Profession, Benchmark Press, New York, 1989, page 22; види: HARRINGTON, Christine B., supra 76, op. cit., стр. 33

[78] „Идеите што се развиваа во осумдесетите години во САД, како и новите погледи врз интересите, можат да бидат алтернатива на нефункционалниот претходен систем па со помош на преговори и помирни дејства, може да се создаде нов и функционален систем."Gotovac V., Predgovor, kako do da? Do dogovora pregovorom, a ne predajom, Fisher, R., Ury, W., Patton, B., Neretva, op. cit. (bilj. 556.), стр. 8

[79] Mladen Vukmir, Embracing the Negative to Achieve the Positive, The European Lawyer, 2004, стр. 87

Затоа вреди да се нагласи дека правниците треба да се фокусираат на странките во споровите и да размислуваат за нови пристапи во својата работа, поради што е потребна промена која е во рацете на самиот правник.[80]

3.5. Потреба за подобрување на начинот на решавање на судските спорови

Судските процеси знаат да бидат долги, што води до умор и кај судиите и кај адвокатите како и кај странките па често се случува една парнична постапка да трае повеќе години, а ова често се допринесува од разните учесници во постапката.

Пример: судијата неоправдано долго време го обработувал предметот поради многу причини како што се бројот на други предмети, се смениле судии поради различни причини, странките, вклучувајќи ги и нивните адвокати, често не ги исполнуваат судските наредби или ги искористувале (злоупотребиле) процедуралните права со цел да го забават случајот, итн.

Очигледно е дека долготрајноста и комплексноста на постапката може да ги одврати или замори странките. Затоа е потребна промена така што странките треба да размислуваат за алтернативни начини за решавање на своите спорови, кои можат да бидат подобри и побрзи од судскиот постапка.

Идејата дека странките треба да преземат поголема контрола во случаевите на судски постапки за решавање на спорови и во мирни постапки, се чини дека има еволуциски потенцијал[81], но не како замена на доминантниот традиционален систем за решавање на спорови, туку како подобрување и надоградба[82] на истиот.

---

[80] Mladen Vukmir, ibidem. стр. 86

[81] Barak, Aharon, The Judge and Democracy Changes in general should arise by evolution, not revolution. ", Page 12;" According to this vision, mediation is a process that brings with it the promise of transforming society, and even the transformation of human nature. "и BRAZIL, Wayne D., Court ADR 25 Years After Pound: Have We found a Better Way ?, Ohio State Journal on Dispute Resolution, 2002, стр 20.

[82] OTIS, Louise, REITER, Eric H., Mediation by Judges: A New Phenomenon in the Transformation of Justice, Pepperdine Dispute Resolutuion Law Journal, Vol. 6:3, 2006, page 377; "...ADR is not surogate for public adjudication, but as an intervention strategy to promote what a trial is not designed to accomplish: (...) "...mediation and the judicial system are built on incompatible assumptions about human nature, human capacity, and goals of conflict interaction." STIPANOWICH, Thomas J., ADR and the "Vanishing Trial": The Growth and Impact of Alternative Dispute Resolution, Journal of Emprical Studies, Volume, Issue 3, November 2004, стр 848.

Имено постојат два различни системи на правда, јавниот (формалниот) и приватниот (неформалниот), кои секој од нив, но и двете заедно, играат исклучително важни и дополнителни улоги во општеството.[83]

Затоа се поставува прашањето дали целта за примената на правдата и решавање на спорови била зголемена од факторите што влијаеле на постапката и дали постои потреба за подобрување на начинот на решавање на судските спорови.

[83] „Овој поглед го претставува медијацијата не како алтернативен начин за решавање на спорови, туку како процес кој е комлементарен на судскиот процес. Кога се води на соодветен начин, медијацијата може да дополни и обогати она што судската постапка не може да обработи, со цел подобрување на брзината и ефикасноста на судските постапки, подобро професионално работење на адвокатите и враќање на довербата на јавноста во правниот систем. Медијацијата се разгледува како дополнителен аспект на судскиот процес, со што се имаат на ум обогатени и посообрачани резултати во решавањето на спорови.“ NEDIĆ, Blažo, Medijacija i advokatura – predrasuda ili interes. https://www.partners-serbia.org/post?id=250 (Пристапено на 20.10.2023год.)

Четврта глава

4.1. Претпоставки за упатување на странките на медијација

4.1.1. Најповолен момент во судската постапка за упатување на странките на медијација[84]

Медијацијата, како метод за решавање на спорови, може да биде ефикасен и корисен во разни ситуации, но исто така има свои ограничувања и не е соодветн за секој вид на спор. Важно е да се разбере дека медијацијата не е погодно решение за сите спорови. Не секој спор е погоден за медијација и не секој момент во текот на спорот е погоден за упатување на страните на медијација.

Има разни становишта во врска со најдобриот момент за одлучување за медијација. Некои сметаат дека изборот треба да се направи што е можно поскоро, пред да се зацврстат ставовите и пред странките да почнат да пружат отпор. Други веруваат дека конфликтот треба да достигне одредена зрелост пред луѓето да одлучат да се вратат „на преговарачката маса“.[85]

Ескалирањето на конфликтите може да се случи во текот на судските постапки, особено кога спорот е изнесен пред второстепниот суд (поретко) или кога странките се среќавале повеќе пати во судот. Странките може да се одлучат за медијација најдоцна до донесување на пресуда, но сепак, тоа може да биде корисно и да го „стопи“ ескалирањето на конфликтите и да ги подобри меѓусебните односи.[86]

Соодветно одбирање на моментот и пристапот кон медијација може да има значителен влијание врз решавањето на спорот и односите меѓу страните, а системите за помирување или медијација имаат разни форми и варијации ширум светот и се приспособени според потребите и законските рамки на секоја земја.

---

[84] види, Machtel Pel, Упатување на медијација во граѓанска постапка: дополнителна услуга или неодреденост на професијата? s.a., s.l..

[85] Shimac Srdjan, supra 60, стр.16

[86] види: Медијација со судски постапки во Холандија, Имплементација на проектот на национално ниво „Медијација и судство“,18.05.2001.; Machtel Pel, Court-Annexed Madiation in the Netherlands, The Execution of the nation-wide project "Mediation and Judiciary 18.05.2001."

На пример во Канада, таквата форма на медијација се нарекува Conciliation каде апелациониот суд во граѓански, трговски и семејни спорови им нуди на странките можност за медијација, докажува дека медијацијата може да биде инкорпорирана во разни фази на парничниот процес, вклучувајќи ги и жалбените постапки.[87] Оваа форма на помирување и медијација во апелационите судови нуди повеќе флексибилност и можеби се одвива во околности каде апелациониот суд може да биде посредник помеѓу странките за да се постигне согласно решение. Постапката е брза и ефикасна, со потенцијал да им обезбеди на странките решение на нивните спорови на начин кој ги задоволува и двете страни. Овој модел на помирување може да има предности како што се намалување на бројот на случаи кои завршуваат пред второстепен суд и притоа доведува до штедење на време и ресурси на судските системи. Исто така, се подобрува и комуникацијата меѓу странките, што може да доведе до подобрени односи и помеѓу времено решение на спорот. Имајќи ги предвид овие предности, оваа форма на помирување сигурно може да послужи како инспирација за други јурисдикции и судски системи за да размислат за начини како да ја интегрираат медијацијата во разни фази на парничниот процес.[88]

4.2. Процена на судијата за упатување на странките на медијација

Во пракса судијата би требало да одлучи дали одреден спор е погоден за медијација. Ова е важно бидејќи некои спорови може да бидат подобро решени преку медијација, додека за други може да биде потребно да се одржат судски постапки.

Одлучувањето на судијата се заснова на неговата процена за подготвеноста и способноста на странките да го решат својот спор на мирен начин. Судијата разгледува неколку елементи, како на пример, дали странките се согласни и подготвени за медијацијата, дали спорот е таков што може да се реши преку медијација, и други слични фактори при тоа судијата мора да ги земе предвид и принципите на неутралност и објективност при одлучување дали да го предложи медијаторскиот процес.[89]

---

[87] CFCJ-FCJC | Court of Appeal of Québec Mediation Service Program - CFCJ-FCJC, (пристапено на 15.09.2023год.)
и Shimac Srdjan**,** supra 60, [31]

[88] ibid,стр.10

[89] Shimac Srdjan,supra 38

4.3. Најповолни спорови за медијација[90]

Најголем процент на успех на медијацијата во западно-европските земји е забележана во стопанските (трговските), семејните, интелектуалната сопственост, штети и др. Ова може да биде поради природата на овие спорови и спремноста на странките да соработуваат за решение.

Така на пример во трговските спорови, управителите на трговските друштва и други правни лица се насочени кон медијацијата поради брзината и ефикасноста на решавањето на трговските спорови. Тие преговараат со поинаков пристап, софистициран и бизнис-фокусиран, што го олеснува процесот.

Семејните спорови се извор на емоции и чувства па медијацијата овозможува посебна заштита и сеопфатност за решавање на овие спорови. Вклучувањето на децата во медијацијата обезбедува дополнителна чувствителност и решавање во нивна најдобра корист.

Работните спорови бараат брзо решение, бидејќи влијаат на општата работна средина и производството. Медијацијата во овие случаи овозможува уште поефикасно и доверливо решение.

Споровите меѓу акционери, членови на трговските друштва често се со доверлива природа и медијацијата им овозможува на страните да ги решат на најповолен начин

Споровите поврзани со загадувањето на животната средина често бараат брзо решение за да се намалат потенцијалните штетни честици и да се заштити животната средина. Медијацијата им обезбедува најповолни резултати поради брзината и структурата на постапката.

Секој од овие начини допринесува кон успешноста на медијацијата како метод за решавање на спорови, со оглед на нивните специфични потреби и придобивки. Изборот на соодветен спор за упатување на медијација, како и успех во овој процес најчесто не зависи

[90] Shimac Srdjan, Mirenje- ARS-1, Загреб, декември 2006 година. (\212imac, Mirenje - ARS-1) (medijacija.hr), str.9 (пристапено на 15.09.2023год.)

од видот на самиот спор, туку од ставот и мислењето на странките и нивните адвокати, т.е. нивната подготвеност да се реши спорот на овој начин.[91]

4.4. Околности на упатувањето на страните на медијација[92]

4.4.1 Околности кои се во корист на упатувањето на страните на медијација

- Медијацијата овозможува на странките да ги објаснат своите потреби и интереси и да најдат креативни решенија кои можеби не би биле достапни преку судски постапки. Ова е од посебна важност кога странките бараат специфични решенија или позитивни исходи кои не се толку вообичаени во судските одлуки.
- Медијацијата обично е побрз начин за решавање на спорови во споредба со судските постапки кои често можат да траат долго. Кога странките имаат потреба од брзо решение, медијацијата е одлична опција.
- Медијацијата може да помогне да се зачуваат долготрајните односи помеѓу странките и да се најдат решенија кои го задоволуваат заедничкиот интерес. Ова е посебно важно во случај на семејни спорови, долготрајни договори или деловни партнерства.
- Медијаторите обично работат со висок степен на доверливост и безбедност. Ако странките имаат чувствителни информации или се загрижени за зачувување на доверливоста на спорот (деловна тајна, заштита на деловната
- репутација), медијацијата може да биде одличен начин за решавање на спорот.

- Медијацијата е одлична опција кога трети страни, како на пример кога се работи за дете или други заинтересирани лица, имаат влијание врз исходот на спорот. Медијаторите можат да помогнат во вклучувањето на сите влијателни страни и да најдат решение што ја задоволува сите.

[91] Медијацијата нуди многу предности за граѓаните и за деловните субјекти – д-р Зоран Вучев, лиценциран медијатор, Медијацијата нуди многу предности за граѓаните и за деловните субјекти – интервју со д-р Зоран Вучев, лиценциран медијатор - Академик (akademik.mk) (пристапено на 15.10.2023 год.)

[92] Shimac Srdjan,supra 90, стр.9.

4.4.2. Околности кои не се во корист на упатувањето на страните на медијација

- Ако странките веќе се обиделе да го решат спорот со медијација која била неуспешна или преку други начини, како на пример преговори или обиди за помирување и тие обиди не успеале, најверојатно нема да се обидат повторно со медијација.
- Ако спорот ескалирал и постанал премногу негативен и конфликтен, странките повеќе ќе се заинтересирани за судско решение и не се склони за помирување и водење постапка за медијација.
- Медијацијата бара активна соработка и волја на странките за да го решат спорот вонсудски. Ако странките не го поседуваат ова, медијацијата може да не биде успешна.
- Некои страни можат да бидат заинтересирани да постават преседан со судско решение, со цел да влијаат на исходот на идни слични спорови.
- Ако странките бараат јавна одлука за граѓанска одговоорност за навреда и клевета поради заштита на чест и углед, можат да се одлучат за судски постапки каде што одлуката е јавна и има голема важност за јавноста.
- Ако едната страна има цел да ѝ наштети на спротивната страна, да ѝ се одмазди или да ја казни, може да не се склони на медијација.
- Кога едната страна се смета дека е изложена на злонамерен или нечесен третман од другата страна, може да не има доверба во процесот на медијација.
- Во некој средини и култури, медијацијата не е стандарден начин за решавање на спорови и може да не биде земена како опција.

Петта глава

5.1. Медијацијата како дел од судската постапка: [93]

Медијацијата како дел од судската постапка се однесува на обидите да се постигне решавање на споровот помеѓу странките со употребата на медијатори или посредници за помагање во решавањето на спорови пред судот. Ваквиот пристап е познат како "судска медијација" или "медијација во рамките на судот" и може да има неколку различни аспекти:

5.1.1.Предводење на процесот од медијатор/посредник

Улогата на судскиот медијатор или посредник во судска медијација[94] е многу важно. Тој игра суштинска улога во процесот на помагање на странките да постигнат спогодба. Судскиот медијатор или посредник е независно и неутрално трето лице кое располага со специфични вештини и искуства во медијацијата и во разрешување на спорови.

Неговата улога е[95] да ја олеснат комуникацијата помеѓу странките, да ги насочат кон идентификување на нивните потреби и интереси и да им помогне во создавањето на решение кое им одговара на странките и ги задоволува.

Исто така, судскиот медијатор или посредник може да им обезбеди информации и совети за законските аспекти на спорот, но не донесува одлуки како судијата. Неговата цел е да ги води странките кон спогодба што е прифатлива за нив и да им помогне да го решат спорот мирно и без потреба од судска одлуа.

Медијаторот може да учествува во разни типови судски постапки, пред сè граѓански спорови [96], како на пример: разводи, семејни, стопански спорови и други.

---

[93] Spigelman, supra 59

[94] Дали медијацијата на граѓански спорови во Кина може да се примени како вистинско алтернативно решавање на спорови, наместо да се користи од страна на судовите како средство за одржување на социјалната стабилност? повеќе види Peter C.H. Chan, supra 44.

[95] Види детално, Melinda Ostermeyer, Skills & Techniques for Madiators, Washington DC, 2002. стр.3

[96] За начинот на кој медијацијата се спроведува во судот и вон судот, во контекстот на граѓанската правда во современа Кина види Peter C.H. Chan , supra 44.

5.1.2Примена на медијација како алатка за решавање на спорот

Судската медијација им овозможува на странките да ги идентификуваат и анализираат[97] областите каде што постојат разлики и неразбирања. Медијаторот игра клучна улога во овој процес, бидејќи ги потикнува странките да комуницираат, да ги изразат своите интереси и потреби и да ги насочува кон потенцијални решенија.

Преку процесот на медијација, странките можат да работат заедно за да ги решат своите спорови на начин што ги задоволува и нивните интереси и потреби. Но медијаторот не донесува одлуки за нив, туку ги води преку процесот и им помага да постигнат спогодба што е прифатлива за нив.

Медијаторот е независен и непристрасен,[98] што го прави способен да им помогне на странките да ги разгледаат ситуациите од различни аспекти и да го истражат просторот за компромис.

5.1.3.Постигнување на договорното решение

Главната цел на судската медијација е да се постигне договорно решение помеѓу странките. Кога странките успешно ќе се согласат за решение преку медијацијата, тоа решение може да стане задолжително и обврска за нив. Ова значи дека го постигнатата спогодба може да се воведе како законска обврска и да има истата правна сила како и судска одлука.

Ова е една од најважните предности на судската медијација, бидејќи странките имаат можност да креираат решение кое ги задоволува и воедно да се избегне долготрајниот и скап процес на судење. Со тоа, судската медијација им дава на странките контрола над процесот на решавање на спорот и можност да се постигне решение што најдобро ги задоволува нивните потреби и интереси.

---

[97] Shimac Srdjan,supra90, стр.13

[98] Види детално за Харвардски правила на преговарање кои се однесуваат и за медијација, R. Fisher, W. Ury i B. Patton, supra 78.

5.1.4. Зачувување на време и ресурси [99]

Судската медијација може да биде значително поефикасна и да помогне во зачувувањето на време и ресурси како за судот, така и за странките во спорот. Преку овој алтернативен начин за решавање на спорови, судот им овозможува на странките да работат на тој начин што го сметаат за најприфатлив, без да се подложуваат на долготрајни судски постапки.

Судската медијација се фокусира на активното учество на странките во процесот на решавање на спорот и им дава можност да ги изразат своите интереси и потреби. Исто така, таа може да биде поефикасна бидејќи медијаторот или посредникот работи со странките за да им помогне да ја постигнат спогодбата. Ова може да доведе до побрзо и поефикасно решение на спорот, што ги задоволува интересите на странките и го ослободува судот од долготрајни парници.

5.2. Доброволна и задолжителна медијација [100]

Доброволната медијација и задолжителната (мандаторна) медијација се два различни начини за употреба на медијација во судските процеси.

Доброволната медијација се случува кога странките се согласуваат доброволно да учествуваат во медијација како начин за решавање на своите спорови. Ова означува дека и двете страни го прифаќаат медијаторот и процесот на медијација како начин за да се обидат да ги решат своите разлики. Оваа медијација се базира на слободната волја на странките и тие активно се вклучуваат во процесот на медијација.

Задолжителната медијација е медијација со упатување од страна на судот. Оваа медијација се случува кога судот одлучува дека медијацијата би била корисна за решавање на спорот, но не значи дека задолжителна во вистинска смисла. Во овој случај, судот на странките им предлага медијација, каде што медијаторот ќе им помогне да работат заедно за да го решат спорот, но не значи и дека мора да го прифатат предлогот на судот, само се бара добра волја за решавање на спорот .

[99] Shimac Srdjan, supra90 , стр.13
[100] Спироска Елизабета, supra 11, стр.31

Обично, доброволната медијација се смета за посакувана опција бидејќи странките се вклучуваат доброволно и веројатно се посветуваат повеќе на процесот. Но, задолжителната медијација може да биде корисна во случаите кога е важно спорот да се реши без долги и скапи судски постапки. Медијаторот, во секој случај, работи како независен посредник и помага во комуникацијата меѓу странките и во пронаоѓањето на решение кое е прифатливо за двете страни.

Кај нас, во случај на доброволна медијација, странките доброволно се согласуваат да учествуваат во медијација и го започнуваат процесот со потпишување на писмена изјава за согласност.

Доколку законот или облигациониот договор предвидува медијација како услов за поднесување на судска или друга постапка, постапката почнува со изјавена согласност од двете страни за почнување на медијацијата. Ова покажува дека медијацијата може да биде задолжителна пред судската постапка.[101]

„Ако постапката веќе започнала пред судот или друг надлежен орган, медијацијата ја претставува можноста за прекин на постапката за упатување на страните на медијација и улогата на медијацијата како начин за решавање на спорот. Значи медијацијата може да се вклучи и во веќе започната судска или друга постапка, за да помогне во постигнување на спогодба помеѓу странките и да го реши спорот без продолжување на судската постапка. Притоа странките мораат да поднесат барање за спроведување на медијацијата пред избраниот медијатор во рок од три работни дена по приемот на решението за прекин на постапката во кое го доставуваат и решението од судот или другиот надлежен орган за прекинот на постапката.“[102]

[101] ЗПП supra 47

[102] чл.18 ст. 1, 2 и 3 од ЗМ, Службен весник бр.294 од 27.12.2021 https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=58403, (пристапено на 01.10.2023 год.)

5.3. Упатување на медијација поврзана со судот [103]

Идејата за медијацијата поврзана со судот може да биде контрадикторна, бидејќи медијацијата, како метод за решавање на спорови, се базира на слободна волја и согласност на странките.[104] Сепак, во некои случаи, може да постојат објективни причини за упатување на медијација и во случај кога странките сами не се способни да постигнат согласност. Ова може да биде важно во случаите кога ефикасното решавање на спорот и предвидувањето на долгите и скапи судски постапки се најважни.

Најчесто правниците го поддржуваат концептот на доброволната медијација како најпосакувана опција. Сепак, овие стандарди и политики може да предвидат и случаи кога упатувањето на медијација без согласност може да биде соодветно и тоа обично во случаи кога решавањето на спорот брзо и ефикасно е од суштинско значење. Важно е дека оваа медијација започнува со наредба или упатување од судот.[105]

Во пракса, некои страни во споровите може да бидат скептични или неподготвени за медијацијата поврзана со судот, особено ако гледаат на неа како на знак на слабост или како начин за наметнување на решение. Сепак, во некои случаи судиите може да ги упатат странките на медијација како начин да ги потпомогнат процесите на решавање на спорови.

5.4. Други карактеристики на медијацијата како дел од судската постапка

5.4.1. Достапност на медијацијата во секое време

Идејата дека медијацијата треба да биде достапна[106] во секое време во процесот на судењето и дека странките можат да се одлучат за медијација во било кое време во текот на судскиот процес е позитивна и значајна за промовирање на алтернативни методи за

[103] Spigelman, supra 59

[104] чл.18 ст.2 од Законот за медијација Службен весник на РСМ 294/2021 (27.12.2021)
[105] Спироска Елизабета. supra 11, стр.33
[106] Shimac Srdjan, supra 19, стр.14

решавање на спорови. Ова им обезбедува на странките повеќе контрола и флексибилност[107] во процесот на судењето и може да им помогне да постигнат поефикасни резултати.

Овозможувајќи на странките да се одлучат за медијација во било кое време, се нуди можност за рано решавање на спорот пред судењето. Ова може да значи зачувување на време и ресурси за судот и странките и може да ги спречи да завршат во долги и скапи судски постапки.

Медијацијата им дава на странките можност да го решат својот спор на мирен начин и да постигнат договорно решение кое го прифаќаат. Ова може да го подобри меѓусебното однесување и да ги избегне негативните последици на спорот. Процесот на медијација овозможува на странките да споделуваат информации и да изразуваат своите интереси и потреби на начин кој често не е можно во формалната судска постапка.

Иако оваа флексибилност е важна, нејзината имплементација може да зависи од законските и регулативни рамки на одредена јурисдикција. Судот и законските решенија треба да го обезбедат овој степен на слобода[108] и да го регулираат начинот на активација на медијацијата во текот на судскиот процес.

Сепак упатувањето на медијација треба да зависи од природата на случајот и од одлуката на судот. Ова значи дека судот треба да го процени дали медијацијата е соодветен метод за решавање на спорот и дали странките би биле склони да учествуваат во неа.[109]

Довербата и сигурноста во медијациите е од големо значење и треба да се обезбеди со соодветни законски мерки. Ова вклучува и обврска за доверба и сигурност за самиот медијатор како и за странките во медијацијата.

[107] Види за главни карактеристики на медијација Uzelac Alan supra 1, стр.7

[108] Чувството на недоверба во судскиот систем се смета за чувство најблиско до чувството на губење на слобода. HOWARD, Philip K, Life Without Lawyers, Liberating Americans from too much law, W. W. Norton / Company, Inc., New York, 2009. стр. 75.

[109] повеќе за најповолни спорови, види Shimac Srdjan, supra 40, стр.8

5.4.2. Успешност на медијацијата

Основниот аспект е дека медијацијата може да биде успешна и кога странките првобитно се сомневаат или не се подготвени за неа. Со правилната методологија[110] и соодветен пристап од страна на медијаторот, дури и во случаи кога медијацијата е принудна, може да се создаде околност во која странките може да се отворат кон процесот и да работат кон заедничко решение.

Иако не сите случаи на медијација[111] ќе завршат со решение кое ги задоволува сите страни, процесот сам по себе може да им послужи како можност за размислување и разговарање за нивните разлики, што може да доведе до подобро разбирање и подготвеност за подоцнешниот правен процес ако започне.Давањето на судот посебна моќ и авторитет од страна на државата[112], со донесување на вакви законски решенија, може да биде корисно, дополнително средство за постигнување на целите на судот.

Важно е да се разгледа долгорочниот и краткорочниот ефект на овие законски измени и како тоа влијае на правниот систем и на интересите на различните страни. Оваа моќ може да биде од корист во некои случаи, особено кога има потреба за брзо решавање на спорови или кога судот треба да игра активна улога во решавањето на комплексни спорови.

Меѓутоа, со оглед на значењето на независноста на судот, како и на спроведувањето на принципите на правда и рамнотежа во правниот систем, треба да биде внимателно избалансирана политиката и измените на законот во правец на зголемување на моќта на судот.

Исто така важно е дека овие промени и дополнителната моќ на судот треба да се користат со цел да се подобри правдата и да се спроведе најдобрата пракса во решавањето на спорови, а не како средство за наметнување на одлуки или за мислење дека судот има исклучително право што го надминуваат неговиот основен карактер и цели. Затоа е потребно да се поддржи надзорот и контролата во правниот систем и да се осигура дека измените не ги жртвуваат основните принципи и вредности на судството и правосудството.

---

[110] за методи на медијација види N. Betteto, Metode in tehnike medijacije v pravdnem postupku, Pravna praksa, št. 1-2/2002, стр.1-2

[111] повеќе за кои непогодни спорови за медијација види, Shimac Srdjan,supra 2, str.148

[112] за авторитетот на судот повеќе , Shimac Srdjan, ibid, str.224

5.4.3. Трошоци и економските аспекти во однос на корист од медијацијата во судската постапка.

Кога медијацијата завршила неуспешно, трошоците на медијацијата ги покриваат страните на кои пак се додаваат и трошоците на судската постапка[113], што може да биде финансиски тежок аспект за страните, особено ако мораат да плаќаат и за правните полномошници.

Имено судот, односно судијата треба да биде мудар и одговорен во упатување на странките на медијација, така што трошоците додадени поради медијацијата ќе бидат компензирани со трошоците кои се заштедени поради побрзо и ефикасно решавање на спорот преку медијацијата.

Оваа економска и ефикасна анализа може да помогне во упатувањето на случаеви на медијација и да осигура дека судот ја користи оваа опција во најдобар интерес на страните и целокупниот правосуден систем.

5.4.4. Загарантирана правна сигурност и медијација

Иако судот со употреба на задолжителната медијација добива повеќе моќ, сепак ниту една страна не е злоупотребена преку медијацијата. Страните се должни да учествуваат во процесите на судот и медијацијата (кога е законски определено), што го нагласува значењето на активната улога на страните во правосудниот процес и во решавањето на спорови.

Овој принцип објаснува како правосудниот систем се развивал и се менувал во текот на деценииите за да ги подобри процедурите и да ги задоволи потребите на страните.[114] Со

[113]негативната страна за странките (парничари) кои се вклучени во судската постапка. види: Stevan M. Slijepčević, Advokatura i društveni progres, Odvjetnik, Sto godina advokature u Hrvatskoj 1868 - 1968, broj 9, God. XVI за II, rujan 1968, Zagreb, str. 382.

[114] „…На многу начини судскиот систем не им помага добро на луѓето…“ RISKIN, Leonard, WESTBROOK, James E., GUTHRIE, Chris, HEINSZ, Timothy J, REUBEN, Richard C., ROBBENNOLT, Jennifer K., Dispute Resolution and Lawyers, West Publishing, 1987, s.l., стр. 79

нагласување на важноста на внимателно и одговорно употребување на новите моќи, се манифестираат принципите на справедливост и рамноправност во правосудниот систем, што е клучно за осигурување на правна сигурност и доверба во системот.

5.4.5. Интерес на јавноста и медијцијата

Има ситуации каде што јавната цел е важна и кога јавноста има интерес (public interest)[115] во тоа да се обелоденат детали за одреден спор или случај, бидејќи тоа може да влијае на довербата во правосудниот систем. Судовите играат клучна улога во одржувањето на јавните вредности и приспособувањето на општеството на менувачките состојби преку јавните процеси и дијалогот. Затоа јавноста на судскиот процес ја обезбедува довербата и легитимноста на правосудниот систем.

Сепак, алтернативните методи за решавање на спорови, како медијацијата, имаат своите предности и место во правосудниот систем, особено кога станува збор за доверливи спорови и барање на брзи и ефикасни решенија.

Балансирањето помеѓу јавноста и приватноста е предизвик и правосудниот систем треба да најде начин како да ги задоволи сите интереси и потреби на страните. Со ова се нагласува важноста на размислување за балансирањето помеѓу јавните и приватните аспекти на решавањето на спорови[116] и како ова може да се постигне во рамките на правосудниот систем. Потребно е и разновидност во вредностите и приоритетите што можат да влијаат на начинот на кој се размислува за решавање на спорови во различни културни контексти. Со тоа јавната цел и објавувањето на исходот на постапките имаат значење во остварувањето на принципите на правда и праведност во општеството.

---

[115] The Role of Mediation in Public Interest Disputes By BARBARA ASHLEY PHILLIPS and ANTHONY C. PIAZZA, THE HASTINGS LAW JOURNAL Volume 34, Issue 5, Article 8, 34 Hastings L.J. 1231 (1983). The Role of Mediation in Public Interest Disputes (uclawsf.edu) , (пристапено на 27.10.2023 год.)

[116] „Negotiation and mediation are the primary models of „private ordering" that allow parties to retain control over their own lives and avoid imposition of often unexpected and unwanted determinations by formal system of law." Mnookin, R. i Kornhauser, L. „Bargaining in the Shadow of the Law: The Case of Divorce, Yale Law Journal, 1979,88, 950.997. str. 94. "Mediation is an attempt to find the balance between an ordered society and individual freedom." Henry W. Ewalt and Andrew W. Ewalt, Bringing Peace into the Room, How the Personal Qualities of the Mediator Impact the Process of Conflicts Resolution, Jossey-Bass, San Francisco, 2003., стр. 94.

Исто така, приватните права и обврски често се поврзани со јавните интереси и користи. Ваквиот интегриран пристап кон правото е значаен за усвојување на баланс помеѓу правата и обврските на граѓаните и потребите на општеството како целост. Оваа концепција и принципи се критични во правните системи и процеси, а судите и другите правни институции имаат одговорност да ги спроведуваат и заштитуваат правата и интересите на граѓаните, додека истовремено ги гледаат јавните користи и потребите за социјална хармонија.

5.4.6. Одговорноста на судиите при упатување на странките на медијација

Странките имаат одговорност[117] да соработуваат со судот и да ги следат неговите насоки, а судиите треба да се однесуваат етички и одговорно. За ова е потребна активната улога на судот и судиите во прибирање на информации и мислења преку процеси на објавување, семинари и консултации со стручници во областа.

Судијата треба да ги внимава сите дадени околности, вклучувајќи ги и правните и фактите, спорните прашања[118]како и специфичните потреби и интереси на странките, да ги поддржува странките во процесот на медијација и да им помага да постигнат спогодба, доколку тоа е можно и прифатливо за нив.

Ова покажува дека судот се стреми да се осигура дека ги употребува најдобрите практики и донесува најдобрите одлуки за случаевите на медијација или други АДР методи с`е со цел во подобрување на правдата и ефикасноста на судската постапка.

[117] Shimac Srdjan,supra 60, стр.15
[118] Shimac Srdjan,supra 60, стр.14

Шеста глава

6.1.Улогата на судијата и адвокатот во процесот на медијација

6.1.1. Улогата на судијата во процесот на медијација[119]

Процесот на медијација и начинот на негова интеграција во постапката пред судот детално ги појаснува процесите кои се одвиваат и начините на решавање на спорови со воведување на медијацијата како алтернативен метод. Надополнувањето на судската постапка со медијација, нуди можност странките да го решат својот спор првично преку преговарање, а ако тоа не успее, да продолжат со судската постапка.[120]

Оваа комбинирана постапка ја потпомага ефикасноста на постапката и може да доведе до подобро разбирање меѓу странките и подобра комуникација. На крајот, доколку странките успеат да го решат својот спор преку медијација, ова ќе значи побрз и ефикасен исход на спорот и подобра и задоволителна решеност за нив.

Судијата, со својата улога и овластувања, има важна функција во овој процес и се грижи за продолжувањето на судската постапка кога медијацијата не успее да го реши спорот. Ова го обезбедува континуитетот на правниот процес и пружа можност за конечно решение на спорот пред судот.

[119] за вклучување на судиите во процесот на медијација: Zalar, Проект "Медијација" и други искуства на Окружниот суд во Љубљана, „Методи за ефективно решавање на проблемите во заостанати судски случаи“, во рамките на проектот "Зајакнување на ефикасноста на судството во Црна Гора", Судски центар за обука на Република Црна Гора, Подгорица, Јуни 2003, str. 68- 69

[120] JUDICIARY ROLE IN PROMOTING ALTERNATIVE DISPUTE RESOLUTION **Judiciary Role in Promoting Alternative Dispute Resolution | VIA Mediation Centre**, (пристапено на 27.09.2023 год.)

6.1.2. Улогата на адвокатот во процесот на медијацијата[121]

Адвокатите играат важна улога во овој процес на решавање на споровите, особено кога се во прашање сложени правни спорови или кога на странките им се потребни одредени законски предзнаења или специфични правни процеси.

Затоа најважната улога на адвокатите во медијацијата е советодавна[122] бидејќи адвокатите им помагаат на своите клиенти да се подготват за медијација, односно ја подготвува странката за конструктивна дискусија и преговори во медијацијата. Така, адвокатот може да помогне во пронаоѓањето на заеднички решенија и да го олесни процесот на медијација. Тие информации помагаат на клиентот да се подготви и да знае што може да очекува во процесот на медијација.[123]

Адвокатот има важна улога во подготовката на својата странка за процесот на медијација. Следните чекори се важни за адвокатот:

- Поставување на прашања;[124]

Адвокатот може да ги постави најразлични прашања на својата странка за да ги истражи причините за влегување во деловен однос со спротивната страна и за што смета дека било најповолно решение на спорот. Ова може да помогне во идентификацијата на реалните интереси и цели.

- Размислување за резервни опции;

Адвокатот треба да помогне на својата странка да размислува за најдобрите резервни опции или алтернативни решенија во случај да медијацијата не доведе до постигнување на договор.

---

[121] ROLE OF A LAWYER IN MEDIATION Role Of A Lawyer In Mediation (Пристапено на 20.09.2023)

[122] Shimac Srdjan MIRENJE I ODVJETNICI, Zagreb, ožujak 2006, (S. \212imac, Odvjetnici i mirenje) (medijacija.hr) (Пристапено на 20.09.2023)

[123] Consulting with a lawyer before during and after mediation, P. Lovenheim, m, How to mediate your dispute, Finding a solution quickly and cheaply outside the courtroom, Nolo press, Berkeley, 1996, стр. 6.51.

[124] 23 Questions to ask when preparing for mediation | family law (familylawandmediation.co.uk) (Пристапено на 20.09.2023)

Оваа резервна опција е наречена "најдобра алтернатива на преговарањето" (Best Alternative to Negotiated Agreement - BATNA).[125]

- Подготовка за процесот на медијација;

Адвокатот може да ги објасни на својата странка процесот на медијација, како и улогата на медијаторот. Исто така, може да ја подготви својата странка за преговорите и да ја упати како да се однесува и комуницира во медијацијата.

Адвокатот има важна улога во помагањето на својата странка да ја разгледаат најповолната можност за постигнување на спогодба преку медијацијата, како и да ја подготви својата странка за најдобрата резервна опција [126] во случај да медијацијата не успее. Адвокатот треба да ги процени можностите за успешна медијација и да ги обезбеди сите информации кои ќе помогнат на неговата странка да избере добар медијаторот. Исто така, адвокатот треба да ја припреми својата странка со реални очекувања и алтернативни опции во случај да медијацијата не резултира со спогодба.

Адвокатот може да обезбеди информации и да ја советува својата странка околу изборот на медијатор, иако крајната одлука секогаш е на странката. Медијатор во медијацијата мора да е внимателно избран, бидејќи тој треба да биде личност во која странките имаат целосна доверба. Довербата во медијаторот е од суштинско значење за успешно завршување на медијацијата.[127]Медијаторот треба да биде неутрален и да има компетенции и вештини за управување со конфликти и преговори.

Странките треба да веруваат дека медијаторот ќе ги води низ процесот на медијација на начин што ќе биде фер, неутрален и ќе им помогне да го решат својот спор. Медијаторот има одговорност да го води процесот на медијација на начин што ќе биде објективен и ќе ги поддржи странките во потрагата за решение. Неговата способност да создаде доверба во процесот на преговори игра клучна улога во успешната медијација.

---

[125] види за кратенката BATNA (пристапено на 20.09.2023)

[126] "Once attorneys have become familiar with the relevant factual and legal matters their own side, they must to determine their BATNA (Best Alternative to a Negotiated Agreement). This establishes their bottom line. Lawyers should not enter into agreements that are worse than what happen if no accords were achieved. Such agreements are worse than nonsettlements." Brunet E. i C. B. Carver, Alternative dispute resolution: The advocate's perspective, second edition, LexisNexis, Danvers, 2001, стр. 67.

[127] Shimac Srdjan,supra 122, стр.12

6.2.Улогата на судијата во граѓанската судска постапка при упатување на странките на медијација

Улогата на судијата се остварува преку нивната должност да им укажат на странките на можноста за примена на медијацијата и да им ги обезбедат потребните информации за постапката на медијација.

Од ова јасно произлегува обврската на судијата за укажување на странките на можноста спорот да се реши по пат на медијација и истото задолжително го внесува на записник. Доколку укажувањето не успее, судијата е должен да продолжи со постапката како редовна судска постапка.[128]

Искуствата на земји како Холандија и Словенија[129] со пилот-проекти за медијација поврзани со судовите се одличен начин за да се прошири и успешно воведе медијацијата како алтернативен метод за решавање на спорови. Нивните искуства пружат важни насоки за другите земји, вклучително и Република Северна Македонија.

Истражувањата и искуства од различни земји, како Холандија, САД и Канада,[130] кои имаат долготрајна и успешна историја на примена на медијацијата како метод за решавање на спорови, покажуваат за нејзиниот успех[131].

Успехот на медијацијата зависи од подготвеноста и волјата на странките да соработуваат и да преговараат. Ова важи независно од видот на спорот. Медијаторот може да помогне во организацијата на процесот и во водењето на комуникацијата, но ако

---

[128] чл.272 ст.4 од ЗПП (пречистен текст) (Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.07 од 20.01.2011 година) https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-parnichnata-postapka-20-01-2011-prechisten-tekst.pdf (Пристапено на 10.10.2023)

[129] „Во меѓувреме, се покажа дека курсот за упатување кои го завршиле судиите ги поттикнал на подобри спогодби, а оние кои сè уште не го завршиле, ги поттикнал да ги истражат скриените интереси зад спорот . Очекувањето е дека бројот на спогодби како резултат на овој проект нема да се намали, туку напротив, ќе се зголемува." - Machtel Pel, supra 84

[130] Изборот на моментот на упатување и начинот на упатување се покажа доста сложен. Истражување во Холандија и прекуокеанските земји кои имаат долготрајна и успешна историја на примена на медијацијата како метод за решавање на спорови, покажуваат дека упатувањето на судијата на рочиштето дава најголеми шанси за успех, но е и најсложен. Понатаму, истражувањето за упатувањата во Англија покажа дека странките кои се застапувани или надгледувани од адвокат во постапката се значително помалку веројатни одлучува за медијација, а не за странките кои учествуваат сами во парницата. Повеќе за ова види Shimac Srdjan,supra 60, стр.12

[131] Machtel Pel, supra 86

странките не се отворени кон решение и компромис, медијацијата нема да биде успешна. Концептот на медијацијата се базира на идејата дека интересите на странките се посреднички за успешно решение на спорот.

Медијаторот помага да се идентификуваат и изразат овие интереси и работи со странките да најдат решение што ги задоволува. Ова често води кон одржливи решенија кои ги задоволуваат и двете страни. Според овие законодавства, сите видови на спорови можат да бидат успешно решени со медијација. Медијацијата може да се примени во разни области, вклучувајќи стопански спорови, разводи, имотни спорови, работни спорови, итн. Клучот е во присуството на волјата на странките да соработуваат и да работат кон решение.

Медијацијата се фокусира на пронаоѓањето на компромис и разумни споразуми кои можат да бидат прифатени од страните. Ова често резултира во решение кое не ги задоволува целосно ниту едната ниту другата страна, но ги обезбедува со задоволително решение на спорот. Во целост, медијацијата е моќен метод за решавање на спорови кога странките се спремни да соработуваат и да работат заедно. Неговата ефикасност е докажана во разни контексти и спорови и тоа го збогатува „арсеналот“ на алатки за решавање на споровите во различни земји[132].

Судијата[133] има значајна улога во процесот и може да има позитивен влијание на успешноста на медијацијата, особено во граѓански постапки. Судијата треба да биде способен да процени дали медијацијата е соодветен метод за решавање на спорот и дали странките се подготвени и мотивирани за тоа. Оваа улога на судијата е важна, бидејќи таа го дава почетниот став на странките кон медијацијата.

Судијата може да игра улога во подучување на странките за значењето на медијацијата и како тоа може да им помогне да го решат својот спор. Ова може да вклучува објаснување на процесот, предности и ограничувања, како и улогата на медијаторот.

---

[132] Shimac Srdjan „Истражувањата за упатување на медијација во Англија покажало дека странките кои во постапките ги застапува адвокат многу поретко се одлучуваат на медијација од странките кои во самата парница сами се застапуваат.“,supra 90, стр.8

[133] Изборот на моментот како и на методот на упатување се покажал како доста комплексен. Имено истражувањата во Холандија и во прекуокеанските земји покажало дека упатувањето на медијација направено од страна на судијата за време на одржување на рочиштетото дава најголеми резултати за успех, но во исто време е работно најинтензивно за судијата; Shimac Srdjan,supra 60, стр. 10.

Важно е судијата да го задржи својата непристрасност и објективност во целиот процес. Тоа ја подобрува довербата на странките во постапката и го олеснува успешното помирување.

Судијата треба да ја јасно разграничи својата улога како судија во граѓанската постапка од неговата улога како лице кое ги упатува странките на медијација. Ова го одржува интегритетот на судската постапка и го осигурува почитувањето на правниот процес. При ова многу е значајно внимателното управување со упатувањето на странките на медијација и го поддржува важното место на медијацијата како алатка за решавање на спорови.

Во историјата на правосудниот систем, оваа активна улога на судијата може да допринесе кон подобрување на процесот и ресурсите, како и кон задоволување на потребите на странките за поефикасни и мирни решенија на нивните спорови.

Непристрасноста и независноста на судијата како и на неговата улога да ги упати странките кон медијација како можен начин за решавање на споровите, е суштинско за гарантирање на интегритетот и ефикасноста на процесот, а од друга страна и намалување на бројот на предмети и растеретување на судијата.[134]

Затоа судијата треба да биде добро подготвен и обучен во вештините на медијацијата и комуникацијата. Ова може да вклучува учество во обуки и работа со лица кои се квалификувани медијатори. Обуката го надградува нивниот капацитет да ефикасно упатуваат и да ги разбираат потребите и интересите на странките.

Судијата треба да биде отворен кон странките и да ги информира за неговата улога и ограничувањата на медијацијата. Поставувањето на реални очекувања важи и за самите странки и тоа им помага да се подготват за процесот. Судијата треба да ги поддржува странките во секој чекор од процесот на медијација и да им обезбеди водство и внимание. Комуникацијата со странките е важна и судијата треба да бара согласност и да ги објасни сите важни аспекти на медијацијата.

Иако медијацијата може да биде успешна за многу видови на спорови, потребна е посебна обврска кога станува збор за одредени видови на спорови или во случаи кога има

[134]Zalar A. „Ентузијазмот кој судиите го покажаа произлезе првенствено од желбата да се намали бројот на тековните нерешени предмети и од убедувањето на предностите на медијацијата и соодветниот професионален предизвик.“ supra 119, стр. 69.

високи ставови и емоции. Судијата може да разгледа алтернативни начини или додатни ресурси за успешна медијација како и има значајна одговорност во обезбедувањето на правилниот тек на медијацијата и во креирањето на подобри услови за успешна медијација. Соодветниот третман на странките и примена на најдобрите практики во медијацијата[135] може да доведе до поефикасни и задоволителни решенија на споровите.

6.2.1. Улогата на судијата во граѓанската судска постапка во упатувањето на странките на медијација во РСМ

Согласно законските можности, судијата има улога да ги охрабри странките да го решат својот спор преку медијацијата како алтернативен начин за решавање на своите спорови. Постапката на медијација е постапка на решавање на споровите, преку која им се овозможува на страните во спорот истиот да го решат на доброволен, ефикасен, експедитивен и економичен начин, во одвоени или заеднички средби на медијаторот со страните учесници, различна од постапката која се води пред надлежните судови.[136]

Дали страните ќе започнат или до крај ќе истрајат во неа зависи исклучиво од нив, без оглед на тоа дали веќе е започната постапка пред надлежен суд за решавање на нивниот спор или не.

Нашите судии, дури и пред стапувањето во сила на Законот за медијација (Службен Весник бр.188/13)- вон сила,[137] имаа правна основа за охрабрување на страните да ги решат своите спорови мирно, во рамките на Законот за парнична постапка. (во понатамошниот текст:ЗПП) [138]

---

[135] „Ако судиите не веруваат во процесот на медијација, тогаш сериозно се загрозува нејзината примена. Исто така, дополнителен позитивен ефект е тоа што адвокатите ги следат иницијативите на судиите." ibid, стр. 68.

[136] чл.3 ст.1 т.в од Закон за медијација Службен весник на РСМ, бр. 294 од 27.12.2021 година, https://pravda.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20medijacija.pdf (пристапено на 26.09.2023 год.)

[137] Законот за медијација (Службен Весник бр.188/13) – вон сила, https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-medijatsija-31-12-2013.pdf (пристапено на 26.09.2023 год.)

[138] ЗПП (пречистен текст) (Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.07 од 20.01.2011 година). https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-parnichnata-postapka-20-01-2011-prechisten-tekst.pdf (пристапено на 10.09.2023 год.)

Улогата на судијата е во неговата должност да ја спроведе постапката без одолжување, во разумен рок, при тоа да ја спроведе со што е можно помалку трошоци и е должен да оневозможи било каква злоупотреба на правата што страните ги имаат во постапката.

Исто така судијата во текот на постапката ќе им укаже на странките дека имаат можност и да склучат судско порамнување и воедно ќе им помогне да склучат порамнување, а спогодбата од постигнатото порамнување меѓу странките, судијата ќе ја внесе на записник.[139]

Со влегувањето во сила на Законот за медијација[140], дефинитивно е создадена вистинска правна рамка за примена на медијацијата во Република Северна Македонија. Судијата во оваа фаза од медијацијата во Република Северна Македонија, во граѓанските постапки, се наоѓа во улога на лице кое може да им укаже на странките дека спорот можат да го решат во постапка за медијација, односно во улога на еден вид инструктор или иницијатор за медијација.[141]

„Судот е должен во споровите во кои е дозволена медијација, заедно со поканата за подготвителното рочиште да достави до странките и писмено укажување дека спорот може да го решат во постапка за медијација. Во поканата за подготвително рочиште судијата е должен да им укаже на странките за последиците кои ќе следуваат од недоаѓањето на подготвителното рочиште, а не го оправдат како и за тоа дека се должни најдоцна на ова рочиште да ги изнесат фактите врз кои ги засноваат своите наводи во тужбата, да ги предложат доказите со кои ги докажуваат фактите, како и да ги приложат сите исправи и предмети што имаат намера да ги употребат како докази. На крај судијата им посочува на странките дека се должни и да се изјаснат за тоа дали се согласуваат спорот да го решат во постапка за медијација.“ [142]

---

[139] чл.307 ст.1 од ЗПП (Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.07 од 20.01.2011 година), „Странките во текот на целата постапка пред парничниот суд можат да склучат порамнување за предметот на спорот (судско порамнување)“ и ст.3. од истиот закон, „Судот во текот на постапката ќе им укаже на странките на можноста за судско порамнување и ќе им помогне да склучат порамнување. “. https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-parnichnata-postapka-20-01-2011-prechisten-tekst.pdf (пристапено на 26.09.2023 год.)

[140] supra 51

[141] Ваквата улога на судијата е содржината во чл. 272 ст.2 од ЗПП. Службен весник на Р. Македонија,бр. 7/2011, 124/2015. https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=37950 (пристапено на 26.09.2023 год.)

[142] Законот за парнична постапка (Законот е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 79 од 21.09.2005 година. Измени и дополнувања на законот објавени се во „Службен весник на Република Македонија“ број 110 од 02.09.2008 година, број 83 од 03.07.2009 година, број 116 од 01.09.2010 година и број 124 од 23.07.2015 година. https://ldbis.pravda.gov.mk/Prebaruvanje.aspx (пристапено на 26.09.2023 год.)

Од претходно наведеното можат да се видат овластувањата на судијата, кои пак се од необврзувачки карактер за странките и тие не сносат никакви последици за неприфаќање на ваквото укажување на судијата, освен евентуално во делот на одлуката за трошоците за судската постапка. Така, при одлучувањето кои трошоци ќе ѝ се надоместат на странката судијата при одлучувањето ќе ги земе предвид само оние трошоци што биле потребни за водење на парничната постапка. Судијата ќе одлучи, со грижливо оценување на сите околности за тоа кои трошоци биле потребни, како и за нивната висина, согласно чл.149 ст.1 и 2 од ЗПП.[143]

Неопходно е да се согласиме со мислењето дека судиите треба да ја користат оваа одредба за да имаат исто толку силно индиректно влијание врз странките во изборот на медијација како начин за решавање на нивниот спор, чие решавање е веќе започнато во судските постапки.

Имено согласно начелото за слободна оценка на доказите[144], судијата секако би требал да ги има во предвид фактите за странката која неразумно ќе одбие да учествува во процесот на медијација или која неразумно ја попречува веќе започнатата медијација и покрај јасната подготвеност на другата страна да постигне мирно решавање на спорот, па при одлучувањето за барањето за надомест на парничните трошоци, би го отфрлил во целост.

Ова од причина што оваа страна непотребно направила трошок за себе и противната страна во понатамошниот тек на судската (парничната) постапка. Таква одлука би можела да се донесе без оглед на конечниот успех на страната во спорот.

Горе наведеното јасно укажува дека судиите ова може да го искористат како „силно оружје“ во нивните активности насочени кон најширока можна примена на процесот на медијација во секојдневната пракса на решавање на споровите.

---

[143] Чл.149 ст.1 од ЗПП Службен весник на РМ, бр. 7 од 20.01.2011 година „При одлучувањето кои трошоци ќе и се надоместат на странката судот ќе ги земе предвид само оние трошоци што биле потребни за водење напарницата. За тоа кои трошоци биле потребни, како и за висината на трошоците одлучува судот, оценувајќи ги грижливо сите околности.“ и ст.2. од истиот член „ Наградата и другите трошоци на адвокатите с е одмеруваат според тарифата за надоместок на трошоците на адвокатите.“. https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=21266 (пристапено на 26.09.2023 год.)

[144] чл.8 од ЗПП Службен весник на РМ, бр. 7 од 20.01.2011 година „Кои факти ќе ги земе како докажани одлучува судот по свое убедување врз основа насовесна и грижлива оцена на секој доказ посебно и на сите докази заедно, како и врз основа на резултатите од целокупната постапка.“ Zakon-za-parnichnata-postapka-20-01-2011-prechisten-tekst.pdf (pravdiko.mk)(пристапено на 26.09.2023 год.)

На 27.12.2021 година во Службен весник на РСМ е објавен Новиот Закон за медијација (Сл. весник на РСМ бр. 294/2021)[145], па со денот на влегувањето престана да важи Законот за медијација „Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16). Медијацијата, во согласност Закон за медијација (Сл. весник на РСМ бр. 294/2021)[146] „е посредување и начин на решавање на споровите наведени во членот 1 од овој закон, настанати меѓу две или повеќе страни во спорот, при што им се овозможува истиот да го решат по пат на мирење, со посредство на трета неутрална страна медијатор/медијатори, со можност да постигнат заемно прифатлива писмена спогодба.“

„Постапката на медијација се поведува со поднесување на барање до избран медијатор и/или по писмен или електронски пат. Во постапката за медијација, за спорови за кои е веќе започната судска или друга постапка, медијацијата започнува на денот кога судот или друг надлежен орган, по давањето согласност од страните, ќе донесе решение за прекин на постапката заради упатување на страните во постапка на медијација. Страните се должни да достават барање за спроведување постапка на медијација до избран медијатор веднаш, но не подоцна од три работни дена сметано од денот на приемот на решението за прекин на постапката поради упатување на странките на медијација, на судот или друг надлежен орган. Во прилог на своето барање страните го доставуваат решението од надлежниот суд или друг надлежен орган за прекинување на постапката која што е започната.“ [147]

Во пракса, ова значи дека доколку страните, со поднесување на барање до медијатор кој го странките избрале, се согласат да започнат постапка за медијација, судијата ќе донесе решение со кое ќе ја прекине започната парнична постапка кога двете страни тоа ќе го побараат заради прифаќање на можноста да го решат спорот со медијација или на друг начин. Прекинот на постапката има за последица да престанат да течат сите рокови определени за вршење на парничните дејствија.

Ако странките до крајниот рок успешно го решат спорот со медијација, започнувањето на судската постапка ќе заврши најверојатно со повлекување на тужбата. Во тој случај странките, исто така, ќе одлучат и за начинот на поднесување на трошоците од

[145] во понатамошниот текст ЗМ
[146] со чл.3 ст. 1 т.1 од ЗМ (Сл. весник на РСМ бр. 294/2021), кој е влезен во сила од 04.01.2022 година односно осмиот ден од објавувањето во Службен весник на РСМ.. ЗМ (Сл. весник на РСМ бр. 294/2021), (пристапено на 25.10.2023 год.)
[147] Чл.18 ст.3 ibid

судската постапка но ако не се согласат за тоа, судијата е должен, доколку тоа го побараат странките, да донесе одлука за трошоците на парничната постапка кои се направени до денот на успешното завршување на медијацијата.

Од друга страна, доколку страните не постигнат спогодба за време на постапката за медијација, за тоа го информираат судот со писмен поднесок, по што судијата ќе ја продолжи судската постапка од таму од каде што застанала. [148]

Предностите на овој метод е што после ова е подобрена комуникацијата помеѓу странките постигната за време на неуспешната медијација со што во голема мера се стеснува бројот на спорни прашања и со тоа, по правило, се придонесува за побрзо да заврши започнатата судска постапка.

6.3. Улогата на адвокатот во граѓанската судска постапка во упатувањето на странките на медијација [149]

Правната професија е еден од столбовите на современото правно и правниот систем кој овозможува на граѓаните да ги бранат своите права, интереси и слободи. Адвокатите имаат важна улога во обезбедувањето на правдата и заштитата на правата на граѓаните.

Историската борба за слобода и еднаквост на луѓето и развојот на правниот систем водела кон креирањето на професионални правници кои ги застапуваат интересите на граѓаните пред правните инстанци и органи. Тие се носители на правната експертиза и се поставени да ги заштитат правата на граѓаните и да им обезбедат пристап до правдата.

Адвокатите треба да бидат независни и слободни во своето застапување на клиентите и да се придржуваат до етичките и професионални стандарди. Адвокатите, како претставниците на правната професија играат важна улога во одржувањето на правниот ред и разрешувањето на спорови во рамките на правниот систем. Затоа треба да се нагласи важноста на правната професија и нејзиниот значаен придонес за државната и правната стабилност, како и за заштита на правата на граѓаните.

---

[148] ЗПП, supra 48

[149] Види детално, Machtel Pel, Адвокати и медијација, напишан труд за потребите на Тркалезната маса за алтернативно решавање на спорови, Риека, 12 декември 2002 година, стр. 1-9 и Shimac Srdjan,supra 122, стр.10

Разбирањето на улогата и значењето на адвокатите е во давањето на правна помош. Адвокатите играат незаменлива улога во заштита на правата на граѓаните преку обезбедувањето на правната помош и совети, изработка на правни документи, подготовка на тужби и жалби и претставување на клиентите пред судските инстанци и органи. Исто така, адвокатите мораат да се придржуваат до високи професионални и етички стандарди.[150]

Како што се и претходо нагласи, правната помош и застапувањето од страна на адвокатите овозможува секое лице да има пристап до правдата и да ги заштити своите права. Ова е од суштинско значење за постојаното функционирање на правниот систем и за поддршка на принципот на рамноправност пред законот.

Независност на адвокатите е од суштинско значење за одржувањето на принципот на правна држава и владеењето на правото. Адвокатите треба да имаат слободен и независен став во однос на клиентите и прашањата за правда и правата на граѓаните[151]. Правната помош што адвокатите ја обезбедуваат, како и нивната одговорност и обврска, е многу важна. Нивната услуга вклучува не само давање на правни совети, туку и активностите поврзани со припремата на правни акти како тужби, жалби, предлози и барања, како и вонредни правни лекови и други поднесоци пред надлежните органи и судови бидејќи адвокатите имаат право и обврска да ги застапуваат интересите на нивните клиенти во сите фази на правната постапка.[152]

Лојалноста кон клиентот и почитувањето на начелата за доверливост и чување на тајни се суштинско начело на адвокатите, што ги издвојува како доверливи професионалци во областа на правото. Адвокатите мораат да бидат на страната на нивната странка, да ги застапуваат и да ја одбрануваат нејзината правда, без обзир на сопствените интереси или ставови. Тие треба да работат со овластувањето што им е дадено од странката и улогата што ја имаат, највнимателно и објективно и кон спротивната страна и треба да се обидат да креираат услови за најбрзо решавање на спорот, што е во корист на двете страни.

Затоа адвокати кои неетички или недостојно се однесуваат кон своите клиенти го вреѓаат реномето на адвокатската фела и да ја изложува на критика и потсмев на јавноста. Но постојат адвокати кои се интелигентни и добро подготвени и кои не ги гледаат своите

---

150 supra 121

151 за развојот на адвокатурата како посебна правна професија види: L. Geršković, supra 31, стр. 17.

152 Shimac Srdjan,supra 122, [35], стр 8.

клиенти само како шанса за заработка, туку се заземаат со своето професионално знаење и етика. Тие адвокати работат за да ја расветлат вистината и да спречат вештачкото создавање на уште поголем број на судски спорови. [153] Овие адвокати се добро образувани и добро подготвени да го заштитат интересот на своите клиенти на начин што е соодветен во согласност со законските и етичките стандарди.[154]

6.3.1. Улогата на адвокатот во граѓанската постапка во упатувањето на странките на медијација во РСМ

Уставот на РСМ ја дефинира адвокатската професија како „самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.“[155]

Адвокатите се должни да пружат правна помош совесно и во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и законот[156] , Статутот[157] и другите акти на Комората, односно во согласност со Кодексот за адвокатска етика [158] .

Дефиницијата на адвокатската професија како самостојна и независна јавна служба во Уставот на Република Северна Македонија подолго време го нагласува значењето на адвокатите и нивната улога во правниот систем и државата.

Законот за адвокатура на РСМ, ги опфаќа начините и условите под кои адвокатите пружаат правна помош на физички и правни лица во остварувањето и заштитата на нивните

---

[153] Тоа се оние адвокати кои не го познаваат доволно законот и на кои им недостига и мудрост, чесност исовест и кои намерно ги одолговлечат постапките заради поголем личен профит. Shimac Srdjan, supra 122, [45], стр.8.

[154] „На адвокатите им е забрането свесно да започнат неразумни спорови, да го одолговлекуваат спорот со долги поднесоци и да поднесуваат бесмислени жалби. - Адвокатскиот статут (Statutum per advocatos causarum seu procuratores Regni observandum) е пропишан со патент од 26 октомври 1964 година,потпишан од кралот Леополд„ Слободен превод на Адвокатскиот Статут од 1694. година напишан на латински; З.Хераков, Z. Herakov објавен во хрватскиот весник „Odvjetnik, Sto godina advokature u Hrvatskoj 1868 - 1968, broj 9, God. XVIII, rujan 1968, Zagreb“, стр. 32.

[155]чл.53 од Устав на Република Северна Македонија (Пречистен текст) - Викиизвор (wikisource.org). https://ustavensud.mk/wp-content/uploads/2017/09/Ustav-na-RM.pdf (пристапено на 20.10.2023 год.)

[156] Закон за адвокатурата, Службен весник на РСМ 199/2023 (25.09.2023). https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=64239 (пристапено на 20.10.2023 год.)

[157] Статут на адвокатска комора на Република Северна Македонија Статут (mba.org.mk) (пристапено на 20.10.2023 год.)

[158] Кодекс за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на адвокатската комора на Република Македонија. https://www.mba.org.mk/index.php/mk/akti/kodeks-etika (пристапено на 20.10.2023 год.)

права и интереси во разни видови правни постапки, вклучувајќи ги судовите, државните органи, други правни лица и органите на единиците на локалната самоуправа.[159]

Адвокатите како независни професионалци се тука за да обезбедат правната помош и застапување на сите лица, обезбедувајќи им пристап до правда и заштита на правата. Оваа независност на адвокатите е од суштинско значење за одржувањето на принципот на правна држава и владеењето на правото бидејќи адвокатите треба да имаат слободен и независен став во однос на клиентите како и во однос на прашањата за правда и основните права на граѓаните.

[159] чл.1 од Законот за адвокатура Службен весник на РСМ 199/2023 (25.09.2023) „Со овој закон се уредува обезбедувањето правна помош од страна на адвокатурата нафизички и правни лица во остварувањето и заштитата на нивните права и врз закон заснованите интереси во постапката пред судовите, државните органи, други правни лица, органите на единиците на локалната самоуправа, вршењето на адвокатската дејност, утврдени со овој и друг закон, како и организацијата на адвокатурата, условите за вршење и престанок и мирување на адвокатска дејност и правата и обврските на адвокатите, како и осигурување на адвокатите од одговорност од штета.“. https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=64239 (пристапено на 20.10.2023 год.)

Седма глава

7.1. Важноста на судиите, адвокатите и судовите при медијација

7.1.1 Важноста на судиите при медијација

Судиите треба да бидат способни да ги разгледаат причините за спорот и да ги анализираат динамиките на истиот, а при тоа да се придржуваат кон правниот аспект на спорот и да им ги објаснат на страните правните аспекти на нивниот спор.

Судијата е должен да утврди дали медијацијата е потенцијално решение во конкретна ситуација.

При тоа разликуваме две опции: кога судиите сметаат дека медијацијата може да биде потенцијално решение или опција и кога судиите сметаат дека нема можности за решение и страните се одлучни да заведат судската постапка.

7.1.1.1. Кога судиите сметаат дека медијацијата е потенцијално решение или опција?[160]

- Кога страните се отворени за медијација и готови да се обидат за решение на спорот внимателно и постепено;

- Ако судијата и страните се согласуваат дека медијацијата е подобра алтернатива од судењето, особено во случаи кога судијата смета дека медијацијата може да спречи повеќе закани од судот;

- Во случај кога судијата смета дека подобро е спорот да се реши со согласност и соработка помеѓу страните, наместо да се пристапи кон класична судска постапка.;

[160] повеќе за ова види, Shimac Srdjan,supra 60, стр.12 и 13

- Кога судијата смета дека медијаторите имаат потребни вештини и искуство за успешно да го управуваат спорот и да ги подржат страните во процесот;
- Во случај кога судијата и страните се согласуваат дека медијацијата може да биде поефикасна и економична опција за решавање на спорот, особено во случаи кога судот е претерано преоптоварен со предмети;

- Ако судијата смета дека медијацијата би можела да доведе до посправедливо решение за страните, наместо судската одлука;

- Во случај кога судијата смета дека медијацијата би можела да го скрати времето и трошоците поврзани со спорот и судската процедура;

- Кога страните се согласуваат или настојуваат за медијација како начин да го решат својот спор;

- Во случај кога судијата препознава дека постои реален простор за договор меѓу страните, иако може да имаат различни ставови или интереси.
-

7.1.1.2 Кога судиите сметаат дека нема можности за решение и страните се одлучни да заведат судската постапка?[161]

- Кога страните се многу различни и тешко може да се споразумат помеѓу себе.

- Кога сите страни во случајот мислат дека е потребно судење и судијата се согласува со нив.

[161] Bobbi McAdoo,All Rise, the Court Is in Session: What Judges Say about Court-Connected Mediation (osu.edu), Hamline University School of Law,2021,стр.405 и 406. https://kb.osu.edu/server/api/core/bitstreams/f8810351-97ff-5669-bc9a-e7bc88f9764a/content, (пристапено на 27.10.2023 год.)

- Кога случајот не нуди реални можност за мирно решение и се потребно судење.

- Кога правното прашање изгледа конечно и не се потребни други анализи.

- Во случаеви кога случајот е од големо значење и поставува преседан, па на страните им е потребна судска одлука.

7.1.2. Важноста на адвокатите при медијација

Обврска на секој адвокат е да ја врши својата професија правилно, уредно, ефикасно и да работи во заштита на интересите на своите клиенти.

Вреди да се потенцира фактот дека медијацијата е во најдобар интерес на адвокатите, доколку решавањето на споровите е на начин кој ги задоволува клиентите.

Важни карактеристики и атрибути на добар адвокат, се лојалноста кон интересите на клиентите, адвокатските вештини-владеење на законот, трудољубивоста, ефикасноста и комуникациските вештини. Ова може да им помогне да изградат и одржат долгорочни односи со клиентите и да ги подобрат своите професионални резултати.[162].

Значи, ако првата и најважна должност на адвокатот е да постапува во согласност со интересите на странката и ако постигнувањето мирно решавање на спорот е во најдобар интерес на странката, тогаш етичката должност на адвокатот не е само да ѝ укаже на странката на таквата можност, туку и да направи сè што е во негова моќ за да може да ја реализира истата. Ако можноста за медијација е во најдобар интерес за странката, тогаш тоа е и во најдобар интерес на адвокатот, затоа што задоволна странка значи и добар адвокат.[163]

Обука на судии и адвокати за медијација и методите користени од медијаторите во овие постапки е клучен фактор за успешната имплементација на медијацијата како алтернативен метод за решавање на спорови. Ова се однесува и на разбирањето на предимствата и ограниченостите на медијацијата, како и на тоа како да ја воведат успешно

[162] за незадоволството од професијата адвокат повеќе види Arron Deborah Running from the Law: Why Good Lawyers Are Getting Out of the Legal Profession, LawyerAvenue Press, January 1, 2003.
[163] Shimac Srdjan,supra 122.

во судските и правните постапки. Обврските на адвокатите кај нас се регулирани со Законот за адвокатура на РСМ. [164]

7.1.3. Важноста на судовите како јавен сервис за граѓаните

Важноста на судовите и како јавен сервис за граѓаните е големо и го истакнува нивното посветување на размислување за улогата не само на судиите туку и на судовите во општеството. Таа е важен подсетник дека судските институции треба да го проценат и размислуваат за начините на кои може да го подобрат своето функционирање и да овозможат поефикасно решавање на спорови.

Идејата дека судовите и судиите треба да ги разгледаат споровите и странките со поголемо разбирање и внимание, почитувајќи ја различноста[165] помеѓу нив, е исто така важна.

Ова може да доведе до подобро решавање на спорови и помош на граѓаните да ги надминат своите проблеми. Но, се разбира, подобрувањето на судскиот систем бара постојан напор и промени во рамките на самиот судски систем.

Исто така, идејата дека судовите треба да постапуваат соодветено[166] со конкретните случаи и спорови, а не да го применуваат истиот начин за различи случаи, е алармантна. Ова го вклучува поимот на судска дискреција, каде судиите треба да внимаваат на специфичностите на секој спор и да одлучуваат на начин кој најдобро одговара на потребите на странките, правдата и правичноста.

---

[164] Закон за адвокатура, Службен весник на РСМ бр.199 од 25.09.2023 , почна да се применува од 03.10.2023 година. https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=64239. (пристапено на 01.11.2023)

[165] Повеќе за различности меѓу страните види, John McKnight and Peter Block, The Abundant Community: Awakening the Power of Families and Neighborhoods Paperback – March 5, 2012 , страна 32.

[166] BRAZIL, Wayne D., Court ADR 25 Years After Pound: Have We found a Better Way?, Ohio State Journal on Dispute Resolution, 2002, стр. 3.

Осма глава

8.1.Поволни причини за прифаќање на медијацијата од страна на судиите

Судиите, често, се ориентирани кон формалната страна на правото и не се адаптираат доволно добро на потребите и проблемите на обичните граѓани. Новините во судските постапки треба да бидат сфатени како повик кон судиите да бидат почувствителни кон хумана страна на судскиот процес. Затоа судиите не би требало да се изгубат во законската сувопарност и формалностите, туку треба да внимаваат на човечките аспекти и потребите на странките, како и да ги толкуваат законите на начин кој вистински ги решава нивните проблеми.[167]

Поволни причини за прифаќање на медијацијата од страна на судиите:

- намалувањето на натовареноста на судските постапки

Медијацијата може да го намали бројот на предмети што завршуваат пред судот, кое што ги ослободува судиите од пренатрупаниот распоред на работа. Ова допринесува до поголема ефикасност во работата на судот и побрзо решавање на други важни случаи.

- брзина на решавање на споровите

Медијацијата често нуди побрзи резултати во споровите во споредба со судските постапки, што го намалува времето потребното за решавање на предметите.

- подобрување на комуникациските вештини преку разбирањето на процесите на медијација.

Овие вештини можат да им помогнат на судиите во работата со странките и во други аспекти на нивната професионална кариера.

[167] „...Судиите продолжуваат да се борат со старото прашање за соодветноста на нивната улога и нивните методи; се соочуваат со предизвици што бараат сериозна ревизија на нивните методи и цели.“ NILSEN, Eva S., The Role of the Judge the Twenty-First Century: Introduction, Boston University Law Review, December, 2006 op. cit. (bilj. 66.), стр. 79.

- јавна поддршка за судиите и поголемо реноме

  Медијацијата често се смета за посебно позитивен начин за решавање на споровите и судиите кои ја поддржуваат медијацијата можат да уживаат во поголема јавна поддршка и признание за својата работа.

- освежување на правниот систем

Медијацијата може да им овозможи на судите да го оспособат и освежат правниот систем. Таа може да биде дел од постојаното унапредување и модернизација на правните постапки.

- Подобро решение за странките

Најважната цел на судиите е да се обезбеди праведно и прифатливо решение за странките. Медијацијата може да им помогне на странките да постигнат решение кое го задоволуваат и со кое се чувствуваат како активни учесници во постапката.

Постигнатата спогодба меѓу странките може да биде ефикасен начин за решавање на спорови, кои честопати ги задоволуваат и странките и го намалуваат бројот на судските случаи. Судиите можат да играат активна улога во овој процес и да ги олеснат споровите помеѓу странките без долги и скапи судски постапки.

Сите овие пристапи за подобрување на врската меѓу судиите и странките може да допринесат за подобро функционирање на судскиот систем и за подобро задоволување на потребите на граѓаните. Затоа се нагласува значењето на активниот пристап на судиите во подобрување на односот со странките во граѓанската постапка. Медијацијата и обидите за медијација[168] се значајни средства за брзо и економично решавање на спорови, што може да биде во интерес на странките и да го олесни процесот.

Судиите кои ги насочуваат напорите кон поактивна улога во решавањето на споровите можат да придонесат не само за подобро задоволување на потребите на странките

[168]STIPANOWICH, Thomas J., ADR and the "Vanishing Trial": The Growth and Impact of Alternative Dispute Resolution, Journal of Emprical Studies, Volume, Issue 3, November 2004., str. 843-912.

туку и за подобрување на функционирањето на судскиот систем и за внесување на хармонија во општеството[169].

При тоа потребни се успешни реформи во правосудството, каде што судиите имаат активна улога во подобрувањето на правосудниот систем. Со ова, може да се подобри пристапот на странките кон медијацијата и да се зголеми нивната свесност за алтернативни методи за решавање на спорови.

Исто така, обуката може да вклучува и разбирање на важноста на активното учество на странките и нивната способност да ја контролираат постапката и да ги одлучуваат за своите спорови. Со овој пристап, судовите можат да ги заменат неуспешните реформски[170] активности со успешни пристапи кои ги подобруваат условите за сите учесници во парничната постапка. Во сето тоа, медијацијата станува инструмент кој помага во соочувањето со социјалните потреби и во создавање на помирни и ефикасни решенија за споровите.

За крај треба да се нагласи и дека овој пристап преку судиите може да помогне во подобрување на перцепцијата на граѓаните и јавноста за правните институции и правната професија воопшто.

8.2. Поволни причини за прифаќање на медијацијата од страна на адвокатот

Постигнување на спогодби преку медијација може да создаде нови можност за приходи за адвокатите. Клиентите кои се задоволни со резултатите од медијацијата ќе се обидат да го користат истото лице за идни спорови или проблеми. Како што се создава репутација како успешен медијатор, адвокатите може да привлечат нови клиенти кои активно бараат алтернативни начини за решавање на спорови. [171]

Клиентите сакаат брзо и ефикасно решавање на нивните спорови преку медијација. Ова може да ги задоволи клиентите и да ги задржи за идни правни потреби, а решавањето

[169] повеќе за намалувањето на растојанието помеѓу судските и општествените прашања види: OTIS, Louise,, Judicial Mediation in Canada: When Judges Act as Mediators for the Benefit of Citizens And Lawyers, judicial_mediation_in_canada_when_judges_act.pdf (louiseotis.com)стр. 12. (пристапено 30.10.2023 год.)
[170] supra 77
[171] Види, S. Austermiller, американски адвокат, „ ADR in practice- Several Lessons Learned“ADR , Odvjetnik, 3-4, 2002“, и Shimac Srdjan,supra 122, [73],стр. 24.

на споровите со високи нивоа на професионализам може да ги подобри адвокатските репутации и да ги направи попривлечни за нови клиенти.

Задоволните клиенти од адвокатот пак ги плаќаат адвокатските трошоци помногу побрзо и лесно. (Happy customers pay their bills)[172] Затоа што медијацијата го заменува долгиот и скап судски процес со брз и ефикасен начин за решавање на спорови бидејќи адвокатите може да ги забрзат постапките и да им овозможат на клиентите да ги плаќаат своите адвокатски трошоци побрзо.

Кога странката се одлучува за медијација, адвокатот секогаш треба да го има предвид фактот дека во редовните судски постапки истиот се изложува на ризик дека по макотрпна и долготрајна работа на предметот, странката на крај можеби нема да плати за неговите услуги од најразлични причини. Сепак адвокатите имаат соодветни инструменти за наплата на нивните услуги дадени на странките пред, за време и по постапката за спогодување. [173]

Учество во постапката за медијација им нуди на адвокатите можност за поефикасно управување со своето време и професионален предизвик. Медијацијата често е посигурна и поефикасна алтернатива на долгите и скапи судски постапки. Ова може да им помогне на адвокатите да ги управуваат случаите поефикасно и да го искористат своето време поуспешно.

Современата практика во областа на медијацијата ја претставува значајната можност за адвокатите да ги дополнат своите вештини и да се адаптираат на нови начини за решавање на спорови. Медијацијата бара од адвокатите да развијат нови вештини како комуникација, преговори и меѓучовечки вештини со што се поттикнува креативност и размислување за иновативни решенија. Во целост, учество во медијацијата може да го збогати работното портфолио и да им обезбеди на адвокатите нови можности за заработка и решавање на спорови во поефикасни рокови.[174]

---

[172] за ова повеќе види Shimac Srdjan,supra 122, [8], стр.17.

[173] Во РСМ, со адвокатска Тарифа за награди и надоместок на трошоците заработата на адвокатите се уредува висината на адвокатските трошоци за застапување исе одредува висината на наградата за мислење и правен совет за секој започнат час. (Службен весник на РСМ, бр. 27од 06.2.2020 година). https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=51955. (Пристапено на 01.11.2023)

[174] Види подетално, R. Fisher, W. Ury i B. Patton, supra 78, во поглавјето - „Најдете решенија кои се заеднички корисни“, стр. 80-105.

Медијацијата обично предизвикува побрзо решение на споровите во споредба со судските постапки. Ова може да биде од големо значење за страните, бидејќи се избегнуваат години на долги и скапи судски процеси. Во медијацијата, страните имаат можност да ја изразат својата вистинска страна на приказната и своите интереси. Ова ја овозможува потребната флексибилност за да се најде решение кое ги задоволува интересите на сите страни.

Судските постапки често придружуваат тензични ситуации и напнатост меѓу страните, бидејќи се одвиваат во формални и конфронтирачки околности. Медијацијата создава посветена и мирна средина, каде што се промовира позитивна комуникација и соработка. Таа им дава на страните можност да работат заедно и да го креираат решението. Ова често води до решение кое ги задоволува интересите на сите страни, што може да има долгорочни предности за односите меѓу нив и може да го спречи повторното појавување на споровите.

Адвокатите[175] кои го воведуваат својот клиент во медијаторскиот процес го подобруваат односот со клиентот, бидејќи го поддржуваат во процесот на решавање на спорот и го обезбедуваат со потребните информации и поддршка. Со вклучувањето во медијацијата, адвокатите можат да ја подобрат својата практика и да овозможат на своите клиенти поефикасно и задоволувачко решение на нивните спорови.

Процесот на медијација обезбедува време и простор за подетално истражување на спорот и разбирање на потребите и интересите на страните. Ова знае да биде од суштинско значење не само за успешно решавање на спорот преку медијација, туку и за подготовката на случаите пред суд во случај кога медијацијата нема да успее.

Склучувањето на спогодба преку медијација им овозможува на страните да го избегнат ризикот и несигурноста поврзани со судската одлука. Тие сами креираат решение кое ги задоволува и го контролираат исходот. Страните во медијацијата имаат можност да го изберат медијаторот и да работат со него во рамките на доверба и соработка за разлика од судијата кој го води предметот. Ова им обезбедува поголем степен на контрола над процесот и може да им овозможи сигурност со начинот на решавање на спорот. Сите овие аспекти го прават методот на медијација атрактивен и практичен за страните и нивните

[175] За спротивставувањето на адвокатите за поедноставување на процесните норми види: RHODE, Deborah L. supra 75, стр. 207.

адвокати, креирајќи околина во која може да се изгради доверба и ефикасно да се решат споровите.[176]

Медијацијата може да биде уште една, додатна услуга кон стандардните правни услуги што ги обезбедуваат адвокатите. Поседувањето на експертиза и можност да се консултираат со клиентите за медијацијата може да ја зголеми вредноста на правната практика и да им обезбеди нови начини за заработка.[177] Ова се однесува на конкуренцијата во обезбедувањето на најдобра услуга за клиентите во контекстот на медијацијата. Адвокатите имаат можност да се натпреваруваат за да понудат најдобро можно советување и поддршка на своите клиенти во овој нов простор.

Медијацијата создава можност за заштита на интересите на клиентите и заедничко работење со нив за решавање на споровите. Ваквиот начин на обработка на споровите може да им обезбеди на клиентите посигурно и задоволувачко решение.

Учество на адвокатите во обука за медијатори може да биде дополнителен начин да се подобрат нивните вештини и да се стекне дополнителна експертиза. Ова може да им дозволи да станат лиценцирани медијатори[178] и да обезбедат дополнителен приход преку медијацијата како нова услуга.

Познавањето на техники за преговарање и медијација им овозможува на адвокатите да помогнат во постигнување на спогодби меѓу страните без да се започнуваат судски постапки. Ова е важно бидејќи овие вонсудски спогодби можат да бидат ефикасен начин за решавање на спорови и за задоволување на интересите на сите вклучени страни.

Зголемувањето на бројот на спогодби кои се постигнуваат преку медијација или вонсудски преговори може да го намали оптоварувањето на судските постапки и да им помогне да функционираат поефикасно. Ова значи дека судот ќе има помалку случаи да ги

[176] G. Ristin, Судија на Врховниот суд во Љубљана, „Зошто американските адвокати поддржаат алтернативното решавање на спорови, вклучително и медијации?' Од нејзиниот пишан извештај од студиско патување во САД, без индикација за датум, без ознака на страната.

[177] Vukmir Mladen, Medijacija kao pravna usluga (power point prezentacija), 12. Hrvatski arbitražni dani, Zagreb, 2. – 3. декември 2004, стр. 12.

[178] „Овозможивме на адвокатите бесплатен пристап до семинари за техники на медијација и ги вклучивме како медијатори во нашиот проект. Ова се покажа како многу успешен модел на соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор во решавањето на спорови." Подетално види , A. Zalar „Legislative and judicial recentives to early (amicable) resolution, President of the District Court of Ljubljana, Member of the Consultative Council of European Judges (CCJE), реферат за потребите на 1. European Conference Of Judges – Early Settlement Of Disputes And The Role Of Judges", Strasbourg, 24-25 ноември 2003, работен материјал.

решава, што може да го зголеми неговиот капацитет за решавање на посложените случаи и да ги забра постапките.

Секако, ова има позитивни последици и за општествената заедница како цел, бидејќи ја подобрува ефикасноста на правниот систем. Споровите се решаваат поефикасно и побрзо, што им овозможува на луѓето да ги решат своите проблеми на брз и ефикасен начин, без големи задоцнувања и дополнителни трошоци.

Способностите за медијација и преговарање се од големо значење не само за адвокатите како професионалци, туку и за правниот систем во целост. Тие способности можат значително да придонесат кон решавање на споровите и создавање на поефикасни начини за разрешување на правни прашања. Бидејќи адвокатите се неразделен дел од овој систем, кој, како и што знаеме, не функционира најдобро, тие исто така имаат голема одговорност за неговото успешно или неуспешно функционирање.

Затоа, со своите иницијативи и напори, адвокатите треба да допринесат кон подобрување на правниот систем. Ова не само што ги задоволува нивните професионални потреби, туку и допринесува за општото добро на целото општество.

8.1.2. Неповолни причини за прифаќање на медијацијата од страна на адвокатот

Адвокатите имаат изразито важна улога во упатување на странките кон медијацијата, особено во ситуации кога спорот станал комплициран и кога странките се чувствуваат изгубени или емоционално претерано вовлечени. Тие, како правни експерти, се задолжени да ги застапуваат интересите на своите клиенти и да ги претставуваат во судските постапки или во други правни процеси.

Сепак, адвокатите сами знаат дека судските постапки често траат долго и се со значителни судски трошоци[179] како на пример адвокатски надоместоци, судски такси и други издатоци. Поради тоа, адвокатите може да бидат вредни советници и насочувачи за

[179] „Адвокатите треба да ги редефинираат своите улоги за да напредуваат во пристапот кон решавање на спорови. Тие треба подлабоко и директно да се вклучат во содржината на спорниот однос во кој се вклучени и да им помогнат директно во нивното решавање, со многу помалку време, трошоци, стрес и со многу поголемо задоволство.“ Kenneth Cloke Mediating Dangerously, The Frontiers of Conflict Resolution, Jossey-Bass, San Francisco, 2001., стр. 171.

своите клиенти, препорачувајќи го алтернативниот начин за решавање на спорот, како што е медијација.

Адвокатите се свесни за разни предизвици поврзани со судските постапки. Сфатувајќи дека судските постапки може да бидат емоционално истоштувачки и стресни за странките, особено во случаеви на семејни спорови[180] и други спорови каде односите меѓу странките се чувствителни и познавајќи го големиот степен на неизвесност за исходот, адвокатите сфаќаат дека долгите судски постапки можат да го нарушат односот меѓу странките, особено во ваквите чувствителни спорови.

Од друга страна, адвокатите знаат дека судовите често се преопртоварени со предмети, што резултира во забавување на постапките и додавање на непотребни трошоци и време. Сепак, одбивајќи ја судската постапка и земајќи во предвид дека судската одлука ја задоволува само едната страна, адвокатите може да им го предложат на своите клиенти алтернативниот метод за решавање на спорови, како што е медијацијата.[181]

а) Непознавањето и недоволната информираност за медијацијата како алтернативен метод за решавање на спорови може да биде еден од факторите кои ги спречуваат адвокатите да се вклучат во неа.

Постојат неколку причини за ова:

- Недостиг на обука и образование;

Во некои правни системи, медијацијата не е вклучена во стандардната обука на адвокатите. Затоа многу адвокати можеби не се чувствуваат сигурни во своите способности да ја користат медијацијата како ефикасен начин за решавање на спорови.

- Стандардната пракса и култура;

Во некои правни култури, судските постапки се сметаат за стандарден начин на работа и медијацијата може да не се гледа како сериозна или релевантна алтернатива. Ова може да влијае на адвокатите да не истражуваат опции за медијација.

[180] Zeljko, Ivana, supra 58 стр.32

[181] „Адвокатите кои успешно ја користат медијацијата знаат колку е поповолна за нивните клиенти. Тие го знаат тоа независно дали нивниот случај е јак или слаб. Тоа е знак на нивната снага, а не слабост.” JOHNSON, Samuel, COOLEY, John W., op. cit. (bilj. 79.), стр. 37

- Недостиг на информации и образовни ресурси;

Достапноста на информации и образовни ресурси за медијацијата може да биде ограничена и адвокатите може да немаат лесен пристап до содржина и обука што би ги запознале со медијацијата.

Сепак, надвор од незнанието и стравот од намалување на приходите, адвокатите може да пронајдат значителни предности во медијацијата. Овие предности вклучуваат подобрување на односите со клиентите, зголемување на ефикасноста во решавањето на спорови и збогатување на нивната пракса.

Преку постепено образование и подготовка, адвокатите може да го прифатат важното место на медијацијата како средство за дополнително квалитетно обезбедување на правните потреби на своите клиенти.

Зголемувањето на фокусот на образованието за медијација, вклучувајќи го обучувањето на факултетите за право,[182] може да има значителен влијание врз повеќе аспекти на правната пракса и општеството како цел.

Едукацијата за медијацијата може да се подобри преку воведување на задолжителни курсеви на факултетите за право е важен и подржувачки за подигнување на свеста и разбирање кај будувачките правници и адвокати за значењето и употребата на медијацијата. Овие курсеви ќе ги подготват следните генерации на правници и адвокати со познавање на процесот на медијација и со неопходните вештини за успешна примена на оваа алтернативна метода за решавање на спорови. [183]

Исто така, воведувањето на задолжителни курсеви може да го зголеми интересот и разбирањето за медијацијата во целото општество. Со подигање на свеста и образованието за медијацијата, с`е повеќе физички и правни лица може да се одлучат да ја користат како ефикасен метод за решавање на своите спорови. Ова во крајна линија може да значи помалку

[182] . "Не сите правници мораат да станат медијатори, но сите треба да ја разберат динамиката на медијацијата за да можат адекватно да учествуваат во неа. Сметам дека нема оправдување за одложување на задолжителното воведување на предметот за медијација на правните факултети (едукација за медијација). Ова би ја отстранило препреката на несигурноста кај оние кои не се подготвени и не знаат што да очекуваат кога медијаторот започнува со медијацијата. Ова може предизвика непријатност (иако често е безосновна) и може да доведе до тоа правниците да ги советуваат странките да јаизбегнат медијацијата" Вукмир Младен, Vukmir Mladen, supra 177.

[183] Повеќе види Šimac, Srđan, supra 2, стр.40-43

судски постапки и подобро решавање на споровите во општеството, што е важно за сите негови делови, па промената на размислувањето и менталитетот воопшто може да биде влијателен на начинот на кој луѓето се однесуваат кон новите концепции и методи и образованието може да помогне во подигнувањето на свеста и разбирањето за значењето на медијацијата. [184]

Поддршката на државата и внесувањето на медијацијата во правниот систем може да креира значителни промени во начинот на размислување и постапување во споровите. Се создава култура на мирно и конструктивно решавање на споровите, што може да биде од големо значење за општеството и за подобрување на правниот систем.

Секако, развивањето на алтернативни методи за решавање на спорови, како медијацијата, може да помогне и во намалувањето на преоптовареният судскиот систем, што има позитивно влијание врз ефикасноста и довербата во правосудниот систем. Ова може да биде важен чекор за подобрување на правосудниот систем и намалување на времето и ресурсите потребни за решавање на споровите.[185]

Развивањето и внесувањето на медијацијата во правниот систем може значително да ја подобри свеста и образованието и на адвокатите како и на другите правници за нејзината вредност и употреба, а проектите за воведување на медијација во судовите и судските постапки им обезбедуваат на адвокатите можност да научат како да го интегрираат методот на медијација во својата пракса и како да ги подучат своите клиенти за предностите и можностите на медијацијата.[186]

---

[184] Shimac Srdjan,supra 2, стр.171-175.

[185] „Адвокатите треба да ја предефинираат нивната улога доделена од страна на правниот систем за решавање на спорови. Тие мора длабоко и директно да влезат во содржината на спорниот однос во кој учествуваат и директно да им помогнат на странките во решавањето, со многу помалку време, трошоци, стрес и со многу поголемо задоволство“CLOKE, Kenneth, Mediating Dangerously, The Frontiers of Conflict Resolution, Jossey-Bass, San Francisco, 2001.op. cit. (bilj. 123.), стр. 171.

[186] „Адвокатите треба да ги охрабрат своите клиенти активно да учествуваат во решавањето на сопствените спорови. Тие првенствено треба да се вклучат во спречувањето на настанување на споровите помеѓу странките, односно во нивното активно заедничко решавање, а не во зголемувањето на нивните спротивни ставови“ Arron Deborah , supra 162;

б) Стравот на адвокатите од намалување на приходите со зголемувањето на бројот на постапките за медијација

Стравот на адвокатите од намалување на приходите поради зголемувањето на бројот на постапките за медијација е разбирлив, особено бидејќи традиционалната пракса вклучува долги, што значи исклучително платени, судски постапки. Адвокатите често зависат од судските постапки за наплаќање на своите услуги и било каква промена во рамките на правниот систем може да предизвика некои притисоци.

Сепак, медијацијата како алтернативен метод за решавање на спорови може да им донесе нови можности и предности. Во многу земји, како на пример во САД,[187] медијацијата стана препозната како успешен метод за решавање на спорови, кој придонесува за задоволување на интересите на странките и понатамошно придонесува за плаќање на услугите на адвокатите.

За крај вреди да се истакне значењето на долгорочниот поглед кога се размислува за воведување на медијацијата во праксата на адвокатите. Во почетокот, преодот од традиционалните судски постапки кон медијацијата може да создаде предизвик и дополнителни инвестиции во образование и обучување за адвокатите, сепак, на долг рок медијацијата може да им донесе значителни предности. Доколку клиентите се задоволни од услугите на адвокатите во врска со медијацијата, тие може да им се обратат и во иднина за разни други правни потреби, што резултира во здобивање на т.н. „постојани клиенти“, а со тоа и подобрување на нивните приходи. Овој вид на иновација во праксата на адвокатите може да им помогне да се адаптираат на измените во правниот систем и да ги збогатат своите услуги.

Адвокатите имаат морална и етичка обврска да ги осигурат своите клиенти со сите достапни опции и да им помогнат да направат информиран избор што е најдобро за нив. Вклучувањето на медијација или други алтернативни методи за решавање на спорови во

[187] Shimac Srdjan, supra 122, стр.16

услугите на адвокатите може да ги подобри нивните односи со клиентите и да ги задржи како лојални клиенти.[188]

Медијацијата може да биде подобро решение за одредени случаи и адвокатите треба да бидат способни да ја препорачаат како опција кога тоа е соодветно. Професионалната пракса на адвокатите треба да се одразува на најдобрите интереси на клиентите и да ги обезбеди со најдоброто можно решение за нивните спорови.

Бенефитот за активна улога[189] на адвокатите во судскиот процес врз спорот е значајна, бидејќи значи побрзо решавање на спорот и им овозможува побрза наплата на трошоците, но бенефитот пак од медијацијата значи контрола[190] на странките во спорот.

[188] Shimac Srdjan, O percepciji i dojmovima pravnika o parnicnom postupku i postupku mirenja-Analiza provedenog istrazivanja, Zagreb, October 1, 2017 Šimac-O-percepciji-i-dojmovima-pravnika-o-parnici-i-mirenju1.pdf (medijacija.hr), стр.20, (пристапено на 22.10.2023 година)
[189] Shimac Srdjan,supra 122, стр.21
[190] Shimac Srdjan,supra 122, стр.7

Девета глава

9.1.Разлики меѓу парничната постапка и постапката за медијација

Постапката за медијација има неколку значајни предности во однос на парничната постапка и други методи за решавање спорови.

- Постапката за медијација често е значително поефикасна и побрза во споредба со другите постапки[191], конкретно со парницата.[192] Спогодба во медијацијата може да се постигне значително побрзо и со помалку трошоци во споредба со судскиот процес.
- Во медијацијата, странките имаат поголема контрола и влијание врз процесот и донесувањето на решението во споредба со судската одлука.
- Поголемо задоволство на странките: Затоа што странките сами ја формулираат спогодбата, обично се чувствуваат и подобро со решението и учеството во процесот. Ова може да ги задоволи нивните интереси и да го зачува односот помеѓу нив.
- Медијацијата е обично поедноставена, без сложени правни процедури и технички формалности.
- Постапката за медијација често е доверлива, што значи дека деталите на спорот остануваат приватни и не се јавни. Ова може да биде важно за случаи каде приватноста и доверливоста се од суштинско значење.
- Помирувањето често води до "победа-победа" решение, каде и двете страни можат да го видат резултатот како позитивен и се чувствуваат како победници.

[191] за споредбата види Shimac Srdjan supra 90, стр.1
[192] за поим парница види, Арсен Јаневски, Татјана Зороска-Камиловска, supra 17,стр.65.

Сите овие предности ја прават медијацијата привлечен метод за решавање спорови, особено во случаи каде брзината и ефикасноста се важни, а странките сакаат да ги спроведат своите спорови независно и надвор од судскиот процес.[193]

Слјепчевиќ зборува за значењето на вистината во судските постапки и како судиите и адвокатите ги проценуваат доказите и ја одредуваат вистината во судот. Тој истакнува дека вистината не е апсолутна и дека различните судии може да гледаат на истите докази на различни начини и да дојдат до различни заклучоци. Се прави акцент на релативноста на судската вистина и фактот дека таа може да се менува со нови докази и искуства и нагласува дека судската вистина не е совршенство и затоа постои правна можност за повторување на судските постапки. Ова според него е важен аспект во правниот систем, бидејќи судската вистина не е фиксиран и апсолутен концепт, туку се менлив и зависи од различни фактори како што се доказите, перцепциите и интерпретациите на судиите. Ова потсетува дека судските одлуки не се апсолутни и дека правниот систем мора да биде отворен за промени и дополнителни размислувања.[194]

За поедноставно да се воочат разликите помеѓу медијацијата и судската постапка, е прикажан следниот табеларен приказ:

[193] види Стеван М. Слијепчевиќ, Stevan M. Slijepčević адвокат од Осиек, Адвокацијата и општествениот напредок, Сто години застапување во Хрватска 1868-1968 година, Одвјетник, година XVIII, септември 1968 година, број 9. стр. 378
[194] ibid

МЕДИЈАЦИЈА	СУДСКА ПОСТАПКА
медијацијата нуди многу опции за решавање на спорот	судската одлука дава само една вообичаена солуција
страните имаат контролата врз процесот	страните немаат контролата врз процесот
неутрална позиција на медијаторот	судија
страните се согласуваат за изборот медијаторот(изборот го вршат од регистар)	страните немаат можност да влијаат врз изборот на содијата(доделен од судот)
доброволна, слободна постапка	задолжителна и наметната постапка
пријатна атмосфера и услоги што сами ги создаваат	напната атмосфера во наметнати услови
самостојно застапување	самостојно,полномошник или адвокат
исклучен ризик за успех од спорот	неизвесен успех во спорот
ниско ниво на неизвесност од содржината на спогодбата	висок степен на неизвесност од содржината на одлуката
страните не го убедуваат медијаторот	страните го убедуваат судијата

Табела: 1.1.

МЕДИЈАЦИЈА	СУДСКА ПОСТАПКА
исклучена е јавноста во постапката	јавна постапка
неформална и флексибилна	формална и нефлексибилна
без строго дефинирани услови	строго дефинирани услови
мал број на правни правила	голем број правни правила и процедури
можност за отстапување од предвидените процедури	без можност за отстапување од предвидените процедури
добра комуникација	недостиг од комуникација
без тензии,нервози,кавги,конфликти и судири	тензии,нервози,кавги,конфликти и судири
секоја од страните во спорот може да ја прекине постапката од причини што сама ги оценува за важни без последици	ниедна од страните во спорот не може да ја прекине постапката од какви и да е причини без последици(тоа е одлука на судот)
задоволување на интерес помирување/доаѓање од спогодба	донесување одлука според закон
со сопсвени сили се носи одлуката	други ја носат одлуката
автономни напори	вклученост на повеќе субјекти

Табела: 1.2.

МЕДИЈАЦИЈА	СУДСКА ПОСТАПКА
одлука врз основа на интерес на страните	се носи одлука врз основа на закон
заедничко решение	решение на судот
постигнување спогодба меѓу страните	одлука на судот
задоволни страни	незадоволна страна(и)
победник-победник	победник-губитник
ретко која страна се жали по постигната спогодба	редовно една од страните се жали на повисок суд
задржување добри односи меѓу страните	влошување на односите меѓу страните
не се навраќаат на спорот во иднина	спорот ги разделува во иднина
времето за решение на спорот е многу пократко и ефикасно(брза постапка)	времето за решение на спорот е многу долго нерационално(неисвесна постапка во поглед на времето)
трошоците се многу пониски(ограничени и поделени)	трошоците се многу високи(неограничени и неподелени)
ценовник на медијатор	ценовник на адвокат+судски трошоци

Табела: 1.3

Десета Глава

10.1 Истражување

10.1.1 Предмет на истражувањето е:

1. Социјалната клима на спорење како елемент на кризата на судскиот систем;
2. Улогата на судијата во текот на постапката во упатувањето на странките на медијација;
3. Улогата на адвокатот во процесот на медијација и зошто медијацијата е добра за адвокатите и нивните клиенти;
4. Дали медијацијата е развиена и се применува во нашиот правен систем;

Освен тоа предмет на ова истражување е и примената (имплементацијата) на позитивните законски прописи во однос на медијацијата, односно колку странките се информирани (едуцирани) со неа, дали се доволно запознати од страна на судиите и адвокатите и колку тоа влијае во остварувањето на нивните права.

Истражувањето се однесува на проблем, појава која е актуелна т.е. влијанието на судијата и адвокатот во посочувањето на странките во граѓанската постапка во користење на други - алтернативни методи за решавање на меѓусебниот спор (конкретно медијацијата), што ја дава рамката на предметот на истражување.

Што се однесува пак, до просторното определување на предметот на истражувањето, тоа е извршено на медијацијата во европското-континентално, но конкретно задржувајќи се и на важечкиот Закон за медијација во Република Северна Македонија, во моментот на изработка на овој магистерски труд.

10.1.2 Цел и задачи на истражување

Темата (проблематиката) е актуелна и е дел од нашето секојдневие, која н`е засега сите.

Со истражувањето ќе се дојде до сознание дали постојат проблеми кои влијаат негативно на процесот на медијација. Откривање на коренот на проблемот, за поголема примена на медијацијата што најчесто се применува како алтернативна мерка за решавање на споровите т.е. улогата на учесниците (судија, адвокат и странки) како и понатамошните проблеми што се јавуваат во текот на граѓанската постапка, пред сè поради недоволната упатеност на страните, се главната цел на овој труд.

Примарната цел на истражувањето е објаснување за поимите: изнаоѓање на прифатливо решение од заеднички интерес за двете страни, избегнување слични спорови во иднина, како и ублажување негативните ефекти од самиот спор.

Секундарната цел на истражувањето е утврдување на факторите што влијаат позитивно врз подобрената комуникација помеѓу странките постигната при неуспешната медијација кое придонесува за побрзо завршување на започнатата граѓанска постапка.

10.1.3 Хипотези на истражувањето

Согласно со предметот и целта на истражувањето поставив две нулта хипотези коишто беа тестирани со X2-квадрат .

1.1. Ставот на судиите од подрачјето на Основен суд Штип, за афирмација на медијацијата, не се разликува од ставот на адвокатите од подрачјето на Основен суд Штип за афирмација на истиот процес.

2.2. Ставот на судиите од подрачјето на Основен суд Штип, за анимирање на судовите и адвокатите за допринесување на развојот на медијацијата, не се разликува од ставот на адвокатите од истото подрачје.

10.1.4 Варијабли на истражувањето

Во истражувањето, како независна варијабла е вистинската состојба на медијацијата во Република Северна Македонија и примената на постоечкиот Закон за медијација. Додека пак, зависна варијабла се ставовите на судиите и адвокатите, за афирмација на медијацијата.

10.1.5 Популација и примерок на истражувањето:

Во ова истражување ќе се опфатени категоријата судии од Основен суд Штип и адвокати на подрачјето од Штип.

Примерок на активности - анкетирање на судии и адвокати.

Примерок на времето за анкетирање – анкетирањето на судиите е извршено за време на работен состанок на судиите, а анкетирањето на адвокатите е извршено во повеќе работни дена, исто така во судската зграда.

10.1.6 Методи, техники и инструменти на истражувањето

Дескриптивниот метод и методот на теоретска анализа кои се искористени во текот на истражувањето, с`е со цел да се реализираат поставените задачи и хипотези.

Со помош на овие методи е опишан процесот на медијација во Република Северна Македонија, околности кои се (и кои не се) во корист на упатувањето на страните на медијација и како судиите и адвокатите можат да придонесат за поширокаата примена на медијацијата во секојдневната практика во решавањето на граѓанските спорови.

Истражувањето, понатаму продолжува со примена на анкетата, како техника за собирање на податоци, која е применета кај судиите од Основен суд Штип и адвокатите на подрачјето на Штип.

Анкетните листови, како инструмент за собирање на податоци, содржеа прашања од чиишто одговори може да се види дали судиите и адвокатите ја користат медијацијата при вршењето на работните обврски, дали сметаат дека во судската постапката е потребна промена, дали странките успеваат да ги остварат своите права преку Законот за медијација, нивната заштита и слично.

10.2 Спроведување на истражувањето

10.2.1 Анкета

Во истражувањето како инструмент за собирање на податоци е користена анкетата, како вид на прашалник, што се употребува кога сака да се дознае јавното мислење во врска со некоја општопозната појава.

Прашањата, со можни три опции за одговор се поставени писмено до судиите и адвокатите на подрачјето на Основен суд Штип и се одговараат анонимно.

Спроведена е следнава анкета:

АНКЕТА

1. Дали во Основен суд Штип се води статистички податок за тоа колку странки се упатени на медијација?

1.Да 2.Не знам 3.Не

2.Дали, според вашето искуство, странките се запознати со процесот на медијација?

1.Да 2. Делумно 3. Не

3. Дали ги упатувате странките да се обидат да го решат спорот со медијација при започнување на секој случај?

1.Да 2. Само ако е предвидена 3. Не

4.Дали новиот Закон за медијација (Сл. Весник бр.294/2021 од 27.12.2021 г.) ги реши институционалните недостатоци кои беа присутни во претходниот закон ?

1.Да 2. Делумно 3. Не

5.Дали редовно посетувате предавања и обуки за примена на медијацијата?

1.Да 2.Ретко 3.Не

6.Дали ја подржувате медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите?

1.Да 2.Делумно 3.Не

7.Дали сметате дека е потребно поголемо афирмирање на медијацијата од страна на медиумите?

1.Да 2.Делумно 3.Не

8.Дали е потребна поголема соработка меѓу судот и медијаторите?

1.Да 2.Не знам 3.Не

9.Дали би ја користеле медијацијата, доколку сте во улога на странка?

1.Да 2.Не знам 3.Не

Напомена: Анкетата е анонимна и истата ќе биде употребена за одбрана на магистерски труд на тема: „Улогата на судијата и адвокатот во граѓанската постапка во упатувањето на странките на медијација“

9.2.2 Обработка на податоците од истражувањето

Добиените податоци, најпрвин се обработени квантитативно и квалитативно. Потоа, податоците се средени, групирани и табелирани.

Збирните групирања се изведени со дистрибуција на податоците според нивната зачестеност (фреквенција).


Посебните групирања се изведени со пресметување на проценти за добивање на просечни резултати, дадени писмено.

Во Основен суд Штип беа анкетирани 10 судии, а од адвокатите на подрачјето на Основен суд Штип, беа анкетирани, исто така, 10 адвокати.

1. Во однос на првото прашање, од спроведената анкета, се добиени следниве резултати – табеларно претставени:

1.Дали во Основен суд Штип се води статистички податок за тоа колку странки се упатени на медијација?					
Судии			Адвокати		
Да	Не знам	Не	Да	Не знам	Не
1	6	3	0	10	0

Процентуално, одговорите од првото прашање би изгледале вака:



Судовите водат статистичките податоци за сите постапки, вклучително и за медијацијата и истите се објавуваат како статистички податоци на веб-страницата на судот и како извештај во АКМИС системот.


Меѓутоа, за прецизни информации за прашањето дали се води евиденција за бројот на странки кои се упатени на медијација, видно од анкетата, судиите и адвокатите воопшто не се запознати, па така од судиите, само 10% од нив одговориле позитивно, за разлика од адвокатите, каде бројот на адвокати кои одговориле со „не знам“ е 100 % .

Се доаѓа до заклучок дека за судиите и адвокатите воопшто не е битен овој податок.

2.Во однос на второто прашање, од спроведената анкета, се добиени следниве резултати – табеларно претставени:

2.Дали, според вашето искуство, странките се запознати со процесот на медијација?					
Судии			Адвокати		
Да	Делумно	Не	Да	Делумно	Не
5	3	2	4	6	0

Процентуално, одговорите од второто прашање би изгледале вака:



Како и во претходното и во однос на второто прашање, ставовите на судиите и адвокатите не се многу разликуваат. За разлика од судиите каде 50% одговориле со „ДА”, кај адвокатите 40% одговориле дека странките се запознати со процесот на медијација.

Степенот на кој странките се запознати со процесот на медијација во Македонија варира. Во РСМакедонија, медијацијата доби поддршка од Владата на РСМ во промовирањето на овој метод за решавање на спорови благодарение на Стратегијата за реформа на правосудниот систем. (2017-2022).[195]

Сепак, степенот на запознавање со методот медијација може да зависи од многу фактори, вклучувајќи го видот на спорот, образованието на странките и нивното претходно искуство со правосудниот систем и медијацијата.


Според ова, може да заклучиме дека улогата на судиите и адвокатите е од пресудно значење во промоција на овој процес но уште побитно - во укажувањето на странките на бенефитите од користење на медијацијата.

3.Во однос на третото прашање, од спроведената анкета, се добиени следниве резултати – табеларно претставени:

3. Дали ги упатувате странките да се обидат да го решат спорот со медијација при започнување на секој случај?					
Судии			Адвокати		
Да	Само ако е предвидена	Не	Да	Само ако е предвидена	Не
2	6	2	3	4	3

[195] Нацрт стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2021 со акциски план **Strategija-21.08.2017.docx (live.com)** , (пристапено на 20.10.2023 год.)

Процентуално, одговорите од третото прашање би изгледале вака:




Во однос на третото прашање, а идно од табелата, половината од испитаниците одговориле дека ја предлагаат медијацијата на странките само доколку е предвидена со закон. Така 60% од судиите одговориле дека при започнување на секој случај им препорачуваат на странките да се обидат да го решат спорот преку медијација. Ова е дел од промовирање на медијацијата како алтернативен метод за решавање на спорови и вклучува нудење на информации за предностите на медијацијата и поддршка на странките во изборот на овој метод, додека помал процент, поточно 40% од испитаните адвокати, одговориле со „Да“ .

Можеме да заклучиме дека кај судиите има исчекор во насочувањето на странките кон медијација како начин да го решат својот спор но треба да се нагласи и дека измените во ЗПП, во членот 461 ст.1, имаат улога во поголемото залагање на судиите во споредба со она на адвокатите. Сепак покрај законската измена, пак адвокатите не треба да ја заборават и етичката обврска да ги информираат своите клиенти за можностите за медијација и да им препорачаат да го искористат овој метод ако сметаат дека е соодветен за нивниот случај.

4.Во однос на четвртото прашање, од спроведената анкета, се добиени следниве резултати – табеларно претставени:

4.Дали новиот Закон за медијација (Сл. Весник бр.294/2021 од 27.12.2021 г.) ги реши институционалните недостатоци кои беа присутни во претходниот закон ?					
Судии			Адвокати		
Да	Делумно	Не	Да	Делумно	Не
0	7	3	1	2	7

Процентуално, одговорите од четвртото прашање би изгледале вака:



На четвртото прашање 70% од анкетираните судии одговориле дека делумно се решени недостатоци кои беа присутни во претходниот закон, но ниту еден судија не дал потврден одговор, додека со тоа не се согласуваат адвокатите, па така само 20% од испитаните адвокати одговориле со „делумно“, односно само 10% одговориле со „Да“ .

Пред донесувањето на новиот Закон за медијација, потребите од промени во процесот на медијација беа очигледни. Новиот Закон за медијација во Македонија, објавен

во Службениот весник број 294/2021 од 27 декември 2021 година, имаше за цел да ги реши институционалните недостатоци и да ја подобри регулативата за медијацијата во земјата.

Се разбира дека законите се донесуваат со цел да унапреди и подобри правната рамка, иако тоа не гарантира дека сите предизвици и прашања се решаваат целосно. Во случајот, новиот Закон за медијација содржи одредени решенија кои се однесуваа на институционалните недостатоци што беа присутни во претходниот закон, но за да се донесе крајна оценка за ефикасноста и успешноста на законот, е потребно време и искуство.

Одредени институционални недостатоци кои беа воочени во претходниот закон, сега со новиот Закон, можеме да кажеме дека се надминати и може да се очекуваат подобрувања во некои аспекти, како на пример: на механизмите за регистрација и лиценцирање на медијаторите, подобрување на системот за обука и стандардизација на медијаторите, осигурување на механизми за надзор и контрола на медијаторската дејност, како и подобрување на постапките за одлучување на медијацијата и обезбедување на нивна законска сигурност и ефикасност.


Со други зборови, заклучокот за новиот Закон за медијација во Македонија е дека Законот за медијација има потенцијал да ги реши или подобри институционалните недостатоци кои беа присутни во претходниот закон, но практичната имплементација и ефикасноста на законот зависат од начинот на неговата примена преку поголемата ангажираност на сите чинители пред сѐ во судските постапки како и од предизвици во реалниот живот. Новиот закон може да помогне да се стандардизира и подобри пристапот на медијацијата во РС Македонија, но вистинскиот ефект од ова ќе биде видливо во иднина како резултат на неговата примена. Така покрај бројните законски промени коишто се досега направени, сепак постои потреба за преземање и на конкретни мерки со кои овие промени би се завршиле и би изгледале онака како што се поставени во назначената цел.

Сепак би заклучила дека би било добро доколку се анализира што навистина е потребно да се преземе на начин што ќе е потребно да се сослуша мислењето на судиите и адвокатите но и на странките на укажување на околноста каде точно постои проблемот во Законот и во нашиот правосуден систем генерално, да се сослушаат нивните предлози и начини за дејствување, да се направи план и потоа да се преземат конкретни мерки.

5.Во однос на петтото прашање, од спроведената анкета, се добиени следниве резултати – табеларно претставени:

5.Дали редовно посетувате предавања и обуки за примена на медијацијата?					
Судии			Адвокати		
Да	Ретко	Не	Да	Ретко	Не
1	4	5	0	5	5

Процентуално, одговорите од петтото прашање би изгледале вака:



Во однос на петтото прашање, позитивен одговор кај судиите е 10 %, а кај адвокатите изостанува. Во РС Македонија можеби се чувствува определен интерес и активност околу медијацијата, но с`е уште статистики, за прашањето околу учеството на судиите и адвокатите во редовни обуки за медијација, од спроведената анкета, може да се заклучи дека е многу мала.


Одговорите на ова прашања очигледно зависат од реалната состојба во која, во моментот на изготвување на овој труд, се наоѓа всушност судот, а која се должи на намалениот број на судии, како и од потребата за дополнителни напори и ресурси за успешната примена на медијацијата. Од друга страна, според негативните одговори на сите анкетирани, кои се по 50% и кај судиите и кај адвокатите, може да се заклучи дека би било потребно поголемо залагање на работни групи од конкретната област за поголема примена на она што сега постоечкиот Закон го пропишува во однос на придобивките од медијацијата.

Најважно е да се има во предвид дека успешната медијација и решавањето на спорови зачесто зависат од ресурси, поддршка и ангажман на судиите, адвокатите и целиот правен систем. Затоа, доколку реалната ситуација, бројот на судии и општата поддршка се подобри, медијацијата може да биде поефикасна и корисна за сите вклучени страни.

6.Во однос на шестото прашање, од спроведената анкета, се добиени следниве резултати – табеларно претставени:

6.Дали ја подржувате медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите?					
Судии			Адвокати		
Да	Делумно	Не	Да	Делумно	Не
8	2	0	4	3	3

Процентуално, одговорите од шестото прашање би изгледале вака:



Видно од дадените одговори, помеѓу испитаниците постои добро расположение и прифаќање на медијацијата како алтернативен начин за решавање на спорови. Така судиите, 80% се изјасниле со позитивен став кон медијацијата, додека кај адвокатите, 40% одговориле со "Да". Ова ги потврдува предности и придобивките од медијацијата како алатка за решавање на спорови и за судиите и за адвокатите.

Освен тоа, медијацијата може да има позитивен ефект и во смисла на намалување на бројот на судски постапки, што ги растеретува судиите и го зголемува нивниот капацитет во извршувањето на своите функции поефикасно и ефективно.


Понатаму, од ова прашање, очекуван беше фактот дека позитивниот одговор ќе биде поголем кај судиите, сепак процентот од 40% кај адвокатите кои ја прифаќаат медијацијата како алтернативен начин на решавање на спорови е изненадувачки „висок“. Ова може да се образложи со различни фактори како што се ставовите и интересите на адвокатите и нивната традиционална улога во судските постапки. Сепак, овој процент може да се зголеми преку обуки и осведочување на адвокатите за важноста на медијацијата и како таа може да биде во корист и за нив и за нивните клиенти.

Акцентот од заклучокот од ова прашање е дека медијацијата може да им обезбеди поефикасен и брз начин за решавање на спорови и на адвокатите, така што може да им помогне да ги задоволат интересите на клиентите и со тоа директно да влијаат во намалувањето на бројот на предмети во судовите.

7.Во однос на седмото прашање од спроведената анкета се добиени следниве резултати – табеларно претставени:

7.Дали сметате дека е потребно поголемо афирмирање на медијацијата од страна на медиумите?					
Судии			Адвокати		
Да	Делумно	Не	Да	Делумно	Не
7	3	0	7	1	2

Процентуално одговорите од седмото прашање би изгледале вака:



Во однос на седмото прашање, позитивен е одговорот од 70% испитаници и кај судиите и кај адвокатите. Дефинитивно е потребно поголемо афирмирање на медијацијата од страна на медиумите во РС Македонија. Медиумите играат значајна улога во обликувањето на мислењето на јавноста и во обезбедување на информации за различни аспекти на правото и правосудството.

Промовирањето на медијацијата како алтернативен начин за решавање на спорови преку медиумите може да ја подигне свеста на граѓаните за нејзините предности и можностите


што ги нуди. Ова би можело да им олесни на граѓаните во барањето на медијаторски услуги и да ги охрабри да ја користат медијацијата за решавање на своите спорови.

Заклучок од ова прашање е дека медиумите треба активно да се вклучат во информирањето на јавноста за значењето и користењето на медијацијата како начин за постигнување на мирно решение на спорови.

8.Во однос на осмото прашање, од спроведената анкета, се добиени следниве резултати – табеларно претставени:

8.Дали е потребна поголема соработка меѓу судот и медијаторите?					
Судии			Адвокати		
Да	Не знам	Не	Да	Не знам	Не
6	1	3	8	1	1

Процентуално, одговорите од осмото прашање би изгледале вака:



Од анкетираните судии, 60% одговориле позитивно на ова прашање, додека од анкетираните адвокати овој процент е и поголем и изнесува 80%. Ова само ја потврдува потребата за подобра соработка меѓу судот и медијаторите во Македонија. Соработката помеѓу овие две институции може да допринесе на подобрување на правниот систем и на поголема ефикасност во решавањето на спорови. Евидентно е дека медијацијата како алтернативен метод за решавање на спорови има свои предности и може да ги разреши споровите на побрз и поефикасен начин, што може да ја олесни работата на судовите.

Затоа, судот и медијаторите треба да соработуваат во обезбедувањето на информации до странките во спорот за предностите и можностите на медијацијата. Оваа информација може да им помогне на странките да направат информиран избор дали да се обидат со медијација или да продолжат со судската постапка.

Судот и медијаторите може да соработуваат во процесот на одлучување дали даден спор би можел да се реши преку медијација или преку судска постапка. Ова може да се постигне преку размена на информации и ставови и креирање на процедури кои ќе го олеснат овој процес.

Исто така судот и медијаторите треба да имаат механизми за пренесување на информации и решенија помеѓу нив. Ова може да помогне во следењето на напредокот на медијацијата и во обезбедување на подобри комуникациски патишта.


Судот и медијаторите треба да ги спроведуваат истите обуки и да ги следат истите стандарди за осигурување на квалитет во медијацијата. Ова може да ги подобри вештините на медијаторите и да гарантира висок степен на професионализам.

Во целост, подобрата соработка меѓу судот и медијаторите може да допринесе на подобро и поефикасно решавање на спорови во Македонија и да обезбеди поголема достапност на медијацијата како метод за решавање на спорови.

9.Во однос на деветото прашање, од спроведената анкета, се добиени следниве резултати – табеларно претставени:

9.Дали би ја користеле медијацијата, доколку сте во улога на странка?					
Судии			Адвокати		
Да	Не знам	Не	Да	Не знам	Не
6	3	1	7	0	3

Процентуално, одговорите од деветото прашање би изгледале вака:



Во однос на последното прашање, 60% од судиите и 70% од адвокатите одговориле со „Да“ дека доколку се во улога на странка би ја користеле медијацијата.

Судиите и адвокатите може да ја користат медијацијата како метод за решавање на спорови доколку се наоѓаат во улога на странка, исто како и секој друг граѓанин. Медијацијата е отворена за сите кои имаат спорови и кои би сакале да ги решат надвор од судскиот систем.

Високиот процент на позитивен одговор се должи на фактот дека судиите и адвокатите како правни професионалци, благодарение на обуките но и на искуството во правните аспекти на споровите се свесни за предностите на медијацијата како брз и ефикасен начин за решавање на одредени спорови. Со тоа, можат да ја користат медијацијата како алтернатива на судските постапки, особено за спорови каде што постои можност за мирно решение.

Исто така, судиите и адвокатите би имале предност од медијацијата во случај кога се учесници во спорот како страни. Медијацијата може да им обезбеди можност да се „излезат“ од формалната улога и да го процесираат спорот од друг аспект. Ова може да им помогне да го разгледаат спорот од различни агли и да изнајдат креативни решенија.

Во исто време, вклучувањето на судиите и адвокатите како странки во медијација може да им обезбеди поука и искуство што би можело да го подобри нивното разбирање за важноста на медијацијата како метод за решавање на спорови и како да ја вклучат во својата работа како правни професионалци.

Меѓутоа разликата во ставот меѓу судиите и адвокатите е интересна за разгледување. иако се очекуваше судиите да имаат позитивен став кон медијацијата поради нивната улога во судскиот систем, резултатот од анкетата покажува дека тие се резервирани или имаат недоверба кон овој метод. (30% од судиите имаат неоформениот став по однос на ова прашање, одговориле со „не знам“, додека кај анкетираните адвокати ја нема таа дилема).Ова може да биде предизвикано од разни фактори, како недостаток на доволно обуки во врска со медијацијата или едноставно се работи за страв од менување на традиционалниот начин на работа, страв од промени, или несигурност околу начинот на интегрирање на медијацијата во судската систем и правната пракса.

Имајќи го ова во предвид, заклучокот е дека информирањето на судиите и адвокатите за предностите на медијацијата може да им помогне да го подобрат својот став и да го вклучат тој метод во својата пракса.

Како генерален заклучок од спроведената анкета би нагласила дека иако медијацијата на светско ниво се прифаќа како успешен метод во решавање на спорови, истражувањето покажува дека добар дел од судиите и адвокатите и покрај ентузијазмот, сепак сè уште имаат недоверба или дилема.

Ова ја покажува потребата за подигнување на свеста кај судиите и адвокатите за предностите на медијацијата, како и потребата од едукација и обука за користење на овој метод во нивната пракса како и остварување партнерство и соработка помеѓу нив и професионални медијатори. Доколку судиите и адвокатите станат посветени на медијацијата и ги користат предностите од неа, може да имаат повеќе задоволни странки/клиенти и подобри резултати во решавањето на спорови.

Исто така, подигнувањето на свеста за важноста на медијацијата и интегрирањето истата во правниот систем може да помогне да се намали стравот и недовербата кон нејзината употреба како и кон целта да се подобрат условите за решавање на споровите во општеството.

Единаесета Глава

Заклучок

Големиот број на заведени спорови е причина за неефикасноста на судовите во РСМ која може да доведе до недоволна правна заштита и незадоволство на странките и јавноста.

Упатувањето на странките на медијација од страна на судиите во започнатата парница, може да ја подобри ефикасноста на правосудниот систем, преку уверување на странките да ја прифатат медијацијата како најподобро алтернативно решение за нивните спорови. Придонесот и на адвокатите, како клучни фигури во правниот систем, е фундаментален во овој контекст, бидејќи тие не само што можат да ги упатат своите клиенти туку и можат да бидат иницијатори за промена и истражување на алтернативни патишта за решавање на спорови.

Разбирањето и поддршката на судиите и адвокатите за медијацијата ќе го засили прифаќањето на овој метод како стандардна опција во правосудниот систем. Со користење на своите правни вештини и знаења како активни учесници во започнатата парница, упатувањето на странките на медијација може да им помогне на странките/клиентите да ги решат мирно своите спорови на начин кој ги задоволува најдобро нивните интереси, а истовремено ќе го намалат бројот на спорови (предмети) што завршуваат пред судовите.

Кога сите учесници во судските постапки ќе ги согледат предностите на медијацијата, ќе се креира нова култура на решавање на спорови каде медијацијата не е исклучива алтернатива, туку природен дел од процесот.

Затоа стратегијата на едукација и подигнување на свеста на судиите, адвокатите и јавноста за предностите и можностите на медијацијата како и реформски законски регулативи кои ќе го олеснат и унапредат процесот на медијација е од суштинско значење.

Медијацијата како форма на алтернативно решавање на спорови може да биде многу ефикасен начин за брзо и ефикасно решавање на судските спорови, со потенцијал да помогне во решавањето на кризата во правосудниот систем во РСМ.

Затоа што децата се нашата иднина, на крај би сакала да укажам дека е потребно запознавање и на новите генерации со алтернативни начини на решавање на спорови. Образованието и подучувањето на децата во основните и средните училишта, како и на студентите на факултетите за ефикасните алтернативни методи за решавање на спорови може да обезбеди подготвеност и свест кај новите поколенија за постојано користење на овие методи во решавањето на секојдневни спорови, без воопшто да дојдат до суд.

Користена литература

1. Legal Dictionary Alternative Dispute Resolution - Definition, Examples, Processes, **Alternative Dispute Resolution - Definition, Examples, Processes (legaldictionary.net),** (пристапено на 26.10.2023 год.)
2. Austermiller, S. американски адвокат, „ ADR in practice- Several Lessons Learned“ – Odvjetnik, 3-4 “,
3. Abramson, Harold I. “Problem-Sol-ving Advocacy in Mediations: A Model of Client Representation.” Touro University - Jacob D. Fuchsberg Law Center, (2005);
4. Arron Deborah Running from the Law: Why Good Lawyers Are Getting Out of the Legal Profession, LawyerAvenue Press, January 1, 2003
5. BRAZIL, Wayne D., Court ADR 25 Years After Pound: Have We found a Better Way ?, Ohio State Journal on Dispute Resolution, 2002
6. Barak, Aharon, „The Judge and Democracy“ 2008 ", PRINCETON UNIVERSITY PRESS PRINCETON AND OXFORD стр. 12;
7. Betteto N., Metode in tehnike medijacije v pravdnem postupku, Pravna praksa, št. 1-2/2002,
8. Bobbi McAdoo,All Rise, the Court Is in Session: What Judges Say about Court-Connected Mediation (osu.edu), Hamline University School of Law,2021, https://kb.osu.edu/server/api/core/bitstreams/f8810351-97ff-5669-bc9a-e7bc88f9764a/content, (пристапено на 27.10.2023 год.)
9. BILIĆ, Vanja,, Alternativno rješavanje sporova i parnični postupak, Doktorska disertacija, Pravni fakultet u Zagrebu, Zagreb, 2008 https://medijacija.hr/wp-content/uploads/2020/04/Vanja-Bilic-Alternativno-rjesavanje-sporova-i-parnicni-postupak-disretacija.pdf (пристапено на 15.10.2023)
10. Brunet E. i Carver C. B., Alternative dispute resolution: The advocate's perspective, second edition, LexisNexis, Danvers, 2001
11. Vukmir Mladen, Medijacija kao pravna usluga (power point prezentacija), 12. Hrvatski arbitražni dani, Zagreb, 2. – 3. декември 2004
12. Vukmir Mladen, Embracing the Negative to Achieve the Positive, The European Lawyer, 2004

13. Граѓанско процесно право, Книга прва: Парнично право - Арсен Јаневски, Татјана Зороска-Камиловска, Скопје,2009 година,
14. Geršković L., Advokatura u političkom sistemu Jugoslavije, Odvjetnik, Sto godina advokature u Hrvatskoj 1868 - 1968, broj 9, God. XVIII, rujan 1968, Zagreb,
15. Директива 2008/52/ЕО на Европейския парламент и на Съвета от... - EUR-Lex (europa.eu), (пристапено на 26.10.2023 год.)
16. Залар А., Zalar A., „Legislative and judicial recentives to early (amicable) resolution, President of the District Court of Ljubljana, Member of the Consultative Council of European Judges (CCJE), Strasbourg, 24-25 ноември 2003, работен материјал
17. Zeljko, Ivana, Obvezni pokušaj mirnog rješenja spora Master's thesis / Diplomski rad, University of Zagreb, Faculty of Law / Sveučilište u Zagrebu, Pravni fakultet, 2022 **diplomski_rad_-_obvezni_pokusaj_mirnog_rjesenja_spora_ivana_zeljko.pdf (medijacija.hr),** (пристапено на 10.10.2023)
18. Законот за медијација, Службен Весник бр.188/13, Zakon-za-medijatsija-31-12-2013.pdf (pravdiko.mk) - вон сила, (пристапено на 26.09.2023 год.)
19. Закон за медијација, Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16- пречистен текст, pravda.gov.mk/toc1/350 – вон сила, (пристапено на 10.10.2023)
20. Законот за медијација, Службен весник на РСМ 294/2021 (27.12.2021), ЛДБИС преглед на закон (pravda.gov.mk) (пристапено на 25.10.2023)
21. Закон за парнична постапка (пречистен текст) (Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.07 од20.01.2011година),Zakon-za-parnichnata-postapka-20-01-2011-prechisten-tekst.pdf (pravdiko.mk), (пристапено на 10.10.2023)
22. ЗИД на ЗПП, Службен весник бр.124 од 23.07.2015 година , ЛДБИС преглед на закон (pravda.gov.mk), (пристапено на 17.10.2023)
23. Законот за парнична постапка (Законот е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 79 од 21.09.2005 година. Измени и дополнувања на законот објавени се во „Службен весник на Република Македонија“ број 110 од 02.09.2008 година, број 83 од 03.07.2009 година, број 116 од 01.09.2010 година и број 124 од 23.07.2015 година. https://ldbis.pravda.gov.mk/Prebaruvanje.aspx (пристапено на 26.09.2023 год.)

24. Закон за адвокатурата, Службен весник на РСМ 199/2023 (25.09.2023), ЛДБИС преглед на закон (pravda.gov.mk), (пристапено на 20.10.2023 год.)
25. Залар,Zalar, Проект "Медијација" и други искуства на Окружниот суд во Љубљана, „Методи за ефективно решавање на проблемите во заостанати судски случаи“, во рамките на проектот "Зајакнување на ефикасноста на судството во Црна Гора", Судски центар за обука на Република Црна Гора, Подгорица, Јуни 2003
26. Zitrin A. Richard и Langford M. Carol,The Moral Compass of the American Lawyer: Truth, Justice, Power, and Greed Paperback – September 5, 2000
27. Judiciary Role in Promoting Alternative Dispute Resolution | VIA Mediation Centre, **Judiciary Role in Promoting Alternative Dispute Resolution | VIA Mediation Centre** (пристапено на 27.09.2023 год.)
28. Кодекс за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на адвокатската комора на Република Македонија, Кодекс на етика (mba.org.mk) , (пристапено на 20.10.2023 год.)
29. Andreas Kapardis, Универзитет на Кипар, Psychology and Law: A Critical Introduction 2nd Edition, Cambridge University Press,March 3, 2003
30. Kenneth Cloke Mediating Dangerously, The Frontiers of Conflict Resolution, Jossey-Bass, San Francisco, 2001.
31. Court of Appeal of Québec Mediation Service Program - CFCJ-FCJC, CFCJ-FCJC | Court of Appeal of Québec Mediation Service Program - CFCJ-FCJC, (пристапено на 15.09.2023)
32. Lovenheim, P. m, How to mediate your dispute, Finding a solution quickly and cheaply outside the courtroom, Nolo press, Berkeley, 1996
33. д-р Зоран Вучев, лиценциран медијатор, Медијацијата нуди многу предности за граѓаните и за деловните субјекти – интервју со д-р Зоран Вучев, лиценциран медијатор - Академик (akademik.mk) (пристапено на 15.10.2023 год.)
34. John McKnight and Peter Block, The Abundant Community: Awakening the Power of Families and Neighborhoods Paperback – March 5, 2012
35. Mediation And The Court The Honourable JJ Spigelman AC Australian Construction Law newsletter#77may/june2001http://www5.austlii.edu.au/au/journals/AUConstrLawNlr/2001/17.pdf (пристапено на 11.10.2023)

36. Megargee Brown, Peter, Rascals, The Selling of the Legal Profession, Benchmark Press, New York, 1989
37. Mnookin, R. i Kornhauser, L. „Bargaining in the Shadow of the Law: The Case of Divorce, Yale Law Journal, 1979,88, 950.997
38. MCSHANE, John V.**,** Companion and Professional Bible for Every Lawyer! 6. january 2011
39. Нацрт стратегија за реформа во правосудниот сектор за периодот 2017-2021 со акциски план**Strategija-21.08.2017.docx (live.com)** , (пристапено на 20.10.2023 год.)
40. Ostermeyer Melinda, Skills & Techniques for Madiators, Washington DC, 2002. 3
41. OTIS, Louise, REITER, Eric H., Mediation by Judges: A New Phenomenon in the Transformation of Justice, Pepperdine Dispute Resolutuion Law Journal, Vol. 6:3, 2006
42. OTIS, Louise,, Judicial Mediation in Canada: When Judges Act as Mediators for the Benefit of Citizens And Lawyers, judicial_mediation_in_canada_when_judges_act.pdf (louiseotis.com) (пристапено 30.10.2023 год.)
43. [Препорака на Советот на Европа за мерките да се зголеми достапноста на правдата R (81) 7].
44. Pel Machtel, Упатување на медијација во граѓанска постапка: дополнителна услуга или неодреденост на професијата? s.a., s.l..
45. Медијација со судски постапки во Холандија, Имплементација на проектот на национално ниво „Медијација и судство“,18.05.2001.; Machtel Pel, Court-Annexed Madiation in the Netherlands, The Execution of the nation-wide project "Mediation and Judiciary 18.05.2001."
46. М.Пел, M. Pel, Адвокати и медијација, напишан труд за потребите на Тркалезната маса за алтернативно решавање на спорови, Риека, 12 декември 2002 година,
47. POSNER, Richard A., How Judges Think, Harvard University Press, Cambridge, Massachusetts, London, 2008
48. Role Of A Lawyer In Mediation , Role of a lawyer in mediation | VIA Mediation Centre (пристапено на 20.09.2023 год.)
49. Riskin L.; Mediator Orientations, Strategies arid Techniques By Leonard L. Riskin Alternatives to the Hiqh Cost of Litiqation {Cепter for Public Resources), Sept. 1994,

50. Riskin, Leonard L. “Understanding mediators’ orientations strategies, and techniques: A grid for the perplexed.” Harv. Negot. L. Rev. 1 (1996);
51. RISKIN, Leonard, WESTBROOK, James E., GUTHRIE, Chris, HEINSZ, Timothy J, REUBEN, Richard C., ROBBENNOLT, Jennifer K., Dispute Resolution and Lawyers, West Publishing, 1987, s.l.
52. Ристин Г.; Ristin G., Судија на Врховниот суд во Љубљана, „Зошто американските адвокати поддржаат алтернативното решавање на спорови, вклучително и медијации?’ Од нејзиниот пишан извештај од студиско патување во САД, без индикација за датум
53. RHODE, Deborah L., In the Interest of Justice, Reforming the Legal Profession, Oxford University Press, 2000
54. RUBIN, Alvin B., Bureaucratization of the federal Courts: The Tension Between Justice and Efficiency, The Notre Dame Lawyer, June, 1980, HeinOnline,
55. Serverin, E., What place is there for civil mediation in Europe?, Strasbourg (CoE), CJ-EJ (2000) 6 (експертски извештај за работна група за ефикасност на Советот на Европа), European e-Justice Portal - EU rules on mediation (europa.eu), (пристапено на 02.11.2023 год.).
56. Спироска Елизабета, АДР и медијација, Свети Николе, 2021,
57. Спироска Елизабета, почетоците на задолжителната медијацијаво граѓанските спорови во Република Северна Македонија Дванаесетта меѓународна научна конференција,Свети Николе, Април 2021 https://www.dropbox.com/s/7jfxf65boqrwjoy/12-pravo-1-sekcija-16-trud-elizabeta-spiroska.pdf?dl=0, (пристапено на 27.10.2023 год.)
58. SAMMAR, Vincent, Justifying Judgment, Practicing Law and Philosophy, University Press of Kansas, Pittsburg, 1998.
59. Сотироски Љупчо, Задолжителен обид на медијација во Република Македонија, УГД Штип, 2019 **Задолжителен обид на медијација во Република Македонија (ugd.edu.mk)**, стр.135 (пристапено на 11.10.2023 год.)
60. STIPANOWICH, Thomas J., ADR and the "Vanishing Trial": The Growth and Impact of Alternative Dispute Resolution, Journal of Emprical Studies, Volume, Issue 3, November 2004

61. Слијепчевиќ М. Стеван,Slijepčević M Stevan. Advokatura i društveni progres, Odvjetnik, Sto godina advokature u Hrvatskoj 1868 - 1968, broj 9, God. XVIII, септември 1968, Zagreb
62. 23 Questions to ask when preparing for mediation | family law (familylawandmediation.co.uk) 23 Questions to ask when preparing for mediation | family law (familylawandmediation.co.uk) (пристапено на 20.09.2023 год.)
63. TAYLOR, Stuart Jr., Justice System by Its Costs and Its Complexity, Experts Warn, New York Times, June 1, 1983
64. TELES, Steven M., The Rise of the Conservative Legal Movement, The Battle for Control of the Law, Steven Princeton University Press, Princeton & Oxford, 2008.
65. The Role of Mediation in Public Interest Disputes By Barbara Ashley Phillips and Anthony C. Piazza, THE HASTINGS LAW JOURNAL Volume 34, Issue 5, Article 8, 34 Hastings L.J. 1231 (1983). The Role of Mediation in Public Interest Disputes (uclawsf.edu) , (пристапено на 27.10.2023 год.)
66. Uzelac A., Mirenje kao alternativa suđenju, Tim Press, Zagreb, 2004, (PDF) Mirenje kao alternativa suđenju | Alan Uzelac - Academia.edu, (пристапено на 25.10.2023 год.)
67. UZELAC, Alan, Survival of the Third Legal Tradition?, The Supreme Court Law Review, Second Series, Volume 49 , Faculty of Law, University of Zagreb, 2010, delivery.php (ssrn.com), (пристапено на 02.11.2023 год)
68. Устав на Република Северна Македонија, **Устав на Република Северна Македонија (Пречистен текст) - Викиизвор (wikisource.org)**, пристапено 20.10.2023 год.)
69. Fisher, Roger, William L. Ury, and BrucePatton. Getting to yes: Negotiating agreement without giving in. Penguin 2011
70. R. Fisher, W. Ury i B. Patton, Kako do da, Do dogovora pregovorom, a ne predajom, Neretva d.o.o., Zagreb, 2003.
71. Хераков З., Herakov Z.; Слободен превод на Адвокатскиот Статут од 1694. година напишан на латински; објавен во хрватскиот весник „Odvjetnik, Sto godina advokature u Hrvatskoj 1868 - 1968, broj 9, God. XVIII, rujan 1968, Zagreb

72. Henry W. Ewalt and Andrew W. Ewalt, Bringing Peace into the Room, How the Personal Qualities of the Mediator Impact the Process of Conflicts Resolution, Jossey-Bass, San Francisco, 2003.
73. Legal History of Civil Mediation in China In: Mediation in Contemporary Chinese Civil Justice Author: Peter C.H. Chan, Brill Nijhoff,14 july 2017 https://brill.com/display/book/9789004342392/B9789004342392_002.xml (пристапено на 16.10.2023 год.)
74. Mediation in contemporary Chinese civil justice: a proceduralist diachronic perspective: by Peter C H Chan, Leiden, Brill Nijhoff,, 14 july 2017 https://brill.com/display/book/9789004342392/B9789004342392_002.xml. (пристапено на 16.10.2023 год.)
75. Shimac S, Mirenje kao generator promjena u pravosudnom sustavu i pravnoj profesiji doktorska dosertacija, Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu,Zagreb,2013dr.-sc.-Srdjan-Simac-Mirenje-kao-generator-promjena-u-pravosudnom-sustavu-i-pravnoj-profesiji-Disertacija-8.07.2013-min.pdf (medijacija.hr), (пристапено на 25.10.2023 год.).
76. Shimac S. Mirenje (medijacija) kao alat za socijalizaciju prava, sudova i pravne profesije te demokratizaciju sporenja, Sveučilište u Splitu, Pravni fakultet, Split, 2016., str. 171. – 191 dr.-sc.-SrÄ‘an-Ĺ-imac-Mirenje-kao-alat-za-socijalizaciju-prava-sudova-i-pravne-profesije-te-za-demokratizaciju-sporenja.pdf (medijacija.hr) (пристапено на 25.10.2023 год.).
77. Shimac Srdjan Postupak mirenja s osvrtom na zakon o mirenju, Pravo u gospodarstvu, vol. 43 no. 2, 1-180, Zagreb, travanja 2004, Postupak mirenja s osvrtom na ZM (medijacija.hr), (пристапено на 16.10.2023гпд.)
78. Shimac Srdjan, Mirenje- ARS-1, Загреб, декември 2006 година. (\212imac, Mirenje - ARS-1) (medijacija.hr), (Пристапено на 15.09.2023 год.)
79. Shimac Srdjan, Mirenje I suci, Zagreb, 2004 https://medijacija.hr/wp-content/uploads/2020/04/mr.sc_.Sr%C3%84%E2%80%98an-%C4%B9-imac-Mirenje-i-suci.pdf (пристапено на 11.10.2023 год.)
80. Je li tradicionalni sustav rješavanja sporova u krizi? - Pravo u gospodarstvu, Hrvatski savez udruga pravnika u gospodarstvu, vol. 43 no. 3, 701-980, Zagreb, svibanj 2009., str. 892-925. (пристапено 18.10.2023 год)

81. Shimac Srdjan, Mirenje - Alternativni način rješavanja sporova, https://medijacija.hr/wp-content/uploads/2020/04/mr.sc_.-Sr%C3%84%E2%80%98an-%C4%B9-imac-Mirenje-alternativni-na%C3%84%C5%A4in-rje%C4%B9%CB%87avanja-sporova.pdf Visoki trgovački sud Republike Hrvatske, Zagreb, prosinac 2006, стр.1 (пристапено на 15.10.2023 год.);
82. Shimac Srdjan, O percepciji i dojmovima pravnika o parnicnom postupku i postupku mirenja-Analiza provedenog istrazivanja, Zagreb, October 1, 2017 Šimac-O-percepciji-i-dojmovima-pravnika-o-parnici-i-mirenju1.pdf (medijacija.hr), стр.20, (пристапено на 22.10.2023 година)

Прилози на магистерскиот труд - Примерок на активности: Анкетни листови